СЛЕДЕЊЕ НА ПРОЦЕСОТ НА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ:

ОСНОВНИ ПРАВА - РАМКА ИМА, ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА ВАРИРА, СЕКАДЕ СЕ ПОТРЕБНИ ПОВЕЌЕ ПАРИ

МЕТАМОРФОЗИС
Фондација за интернет и општество

ИЗДАВАЧ:
Метаморфозис, Фондација за интернет и општество, ул. Апостол Гусларот, бр.40, 1000 Скопје, Република Северна Македонија www.metamorphosis.org.mk | info@metamorphosis.org.mk тел/факс: +389 2 3109 325

ЗА ИЗДАВАЧОТ:
Бардил Јашари

АВТОР:
Теофил Блажевски

УРЕДНИК:
Горан Ризаов

ЛЕКТУРА И КОРЕКТУРА:
Елеонора Стојкоска–Попетревска

ДИЗАЈН:
Душан Стојковиќ

ГОДИНА НА ИЗДАВАЊЕ:
2022

CIP - Каталогизација во публикација

Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје
342.7.037(497.7)"2022"(047)

БЛАЖЕВСКИ, Теофил

Следење на процесот на евроинтеграции [Електронски извор] : основни права - рамка има, имплементацијата варира, секаде се потребни повеќе пари / автор Теофил Блажевски. - Скопје : Фондација Метаморфозис, 2022

Начин на пристапување (URL):
https://metamorphosis.org.mk/wp-content/uploads/2022/07/osnovni-prava-ramka-ima-implementacijata-varira-sekade-se-potrebni-poveke-pari.pdf.

- Текст во PDF Формат, содржи 39 стр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден12.07.2022. - Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-263-086-1

а) Основни права -- Заштита -- Македонија -- 2022 -- Извештаи

COBISS.MK-ID 57837317

СОДРЖИНА

За проектот и методологијата ---------- 4
Извршно резиме ---------- 4
Стратешка рамка и закони ---------- 5
Имплементација ---------- 7
КСЗД и НП – двете клучни тела во заштита на основните права ---------- 8
Бројот на претставките расте и во 2022 г. ---------- 9
КСЗД барала буџет до 730 илјади евра, а добила 315 илјади (со ребалансот) ---------- 9
КСЗД смета дека треба да биде прекршочен орган ---------- 10
НП – бројот на претставките, по години опаѓање, е во благ пораст ---------- 11
Непополнети 100 места кај НП според систематизацијата ---------- 11
Државата не се претргнува со пари, ама буџетот на НП сепак бавно расте ---------- 13
Лошите услови во затворите остануваат нерешен проблем ---------- 14
Управата за санкции со буџет од над 19,5 милиони евра, но и тој не е доволен ---------- 15
Лошо решавање на проблемот со лицата без идентитет ---------- 17
Заштита на детските права – најмногу страдаат децата со попреченост ---------- 18
Други проблеми на лицата со попреченост ---------- 19
Центрите за социјална заштита еден од проблемите за социјалните права ---------- 20
Родовата застапеност, насилството врз жената и семејното насилство сè уште се предизвик! ---------- 21
ЛГБТ-заедницата сè уште со многу предизвици и закани ---------- 24
„Законот е добар – трансфобијата го става во фиока“ ---------- 24
Инклузијата на Ромите е вградена системски, но резултатите се недоволни ---------- 26
Дискриминацијата врз Ромите е потврден факт – сегрегација и расизам ---------- 27
Инклузијата страда од кусок на финасии – многу желби, малку пари ---------- 28
Говорот на омраза во константен раст – неказнивоста главна причина ---------- 29
Неопходна е измени на законската рамка ---------- 30
Политичарите како предизвикувачи на говор на омраза ---------- 31
Неказнивоста води кон криминал од омраза ---------- 32
Реформи во правосудството во периодот од 31.3 до 30.6.2022 г. ---------- 33
Државата со повеќе пари за судството и обвинителството, „на лажичка“ ---------- 34
Транспарентноста може да регресира ---------- 34
Реформи во медиумскиот сектор во периодот од 31.3 до 30.6.2022 г. ---------- 35
Неказнивоста за нападите врз новинарите продолжува ---------- 36
Јавниот сервис сè уште надвор од приоритетите на власта ---------- 36
Реформи во јавната администрација во периодот од 31.3 до 30.6.2022 г. ---------- 37
Законите никако да дојдат во Собрание ---------- 38
Транспарентноста останува најдобар сегмент од реформите ---------- 38
Дигитализацијата со брзина на желка ---------- 39

Иако генерално основните слободи и права на човекот во РСМ се почитуваат, структурната дискриминација сè уште постои. Дури и таму каде што има стратегии и закони, имплементацијата зависи од менаџерските способности за посебните секторски области што се покриваат (деца, Роми, антидискриминација), но и од финансирањето на сето тоа. Развојот на степенот на исполнување на основните права си има и цена – сметаат сите експерти со кои разговаравме, и тоа мора да се калкулира од секоја извршна власт во буџетите на државата. Последните буџетски политики за 2022 г. покажуваат дека извршната власт има сенс за овие финансиски потреби, па иако не може да се каже дека „се расфрла" со пари, односно дека е „издашна", сепак, по малку ги зголемува финансиските средства во повеќе секторски политики што го покриваат комплексот основни или фундаментални права

Автор: Теофил Блажевски

ЗА ПРОЕКТОТ И МЕТОДОЛОГИЈАТА

Документот е резултат на истражување спроведено во рамките на проектот „Промовирање на отчетноста и транспарентноста на јавните реформи", кој го спроведува Фондацијата за интернет и општество „Метаморфозис" од Скопје, со поддршка на Националната фондација за демократија од САД. Проектот се спроведува во текот на 2021 и 2022 година.

Проектните активности имаат цел да презентираат факти преточени во новинарски тесктови од различни жанрови, анализи и заклучоци од јавни дебати за степенот на реформските активности и дострели на Република Северна Македонија во неколку клучни области, кои се посочуваат и во ЕУ-извештаите за напредокот на РСМ на патот кон ЕУ-интеграцијата. Тие клучни области се: реформи во областа на јавната администрација, правосудството, основните права на граѓаните и на слободата на изразувањето/медиумите.

Во рамките на проектот се подготвуваат четири (квартални) мониторинг-извештаи, кои предводени од квалитативна методологија даваат оценка за состојбата во конкретните области, а со тоа и слика за состојбите со демократијата во земјата.

Секој мониторинг-извештај потемелно обработува една од четирите клучни области и дава кратко резиме за промените во другите три. Првиот мониторинг-извештај се однесуваше на спроведувањето на реформите во медиумскиот сектор. Вториот за реформите во правосудството, додека третиот се однесува на реформите во јавната администрација. Последниот мониторинг-извештај се однесува на состојбите, односно реформите во корпусот фундаментални, односно основни права на човекот.

Методологијата што е важна за овој извештај се потпира на три столба: (1) истражување од канцеларија (деск-истражување), (2) новинарски текстови што ги работат новинарите и уредниците во медиумските проекти на Фондацијата „Метаморфозис", (3) разговор со експерти од областа што се спроведува низ фокус-групи, кои му се познати на донаторот и Фондацијата „Метаморфозис", но поради желбата да се избегнат какви било можни непријатности или конфликти во областите каде што работат (бидејќи соработуваат и со владини и со невладини организации и во медиуми), ќе останат неименувани и во овој извештај. Користени се и сознанија добиени од неформални разговори со други експерти, новинари или реакции во јавноста забележани во текот на годинава.

Покрај интервјуата, дел од експертите пополнуваат и анкетен прашалник, во кој се наведени десетици прашања од областа, кој овозможува вкрстена споредба - да се извлече оценка од прашалникот и да се спореди со оценките извлечени од интервјуата и од истражувањето од канцеларија.

ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Фундаменталните или основните права се меѓу најважните во исполнувањето на стандардите пропишани од Обединетите нации, преку Советот на Европа и Европската Унија и други релевантни меѓународни организации и асоцијации, а корпусот на основните права е огромен, со преку 50 подобласти, така што за потребите на овој извештај се фокусиравме на најважните прашања што во

моментов се актуелни во РСМ, како од аспект на исполнување на нормативата, така и од аспект на имплементацијата. Оттука, во резимето на извештајот може да се издвојат следните констатации до кои се дојде, заклучно со крајот на јуни 2022 година:

- Човековите права во РСМ генерално се почитуваат, иако во некои области сè уште се забележуваат случаи на структурна дискриминација. Надлежните институции понекогаш регистрираат случаи на кршење на човековите права и дискриминација и во самите институции на извршната власт.

- Стратешката и законската рамка за почитување на основните права во РСМ е добро покриена, генерално усогласена со сите поважни меѓународни прописи, со исклучок на одделни сегменти што се поврзани со ЛГБТ-заедницата. Сепак, постојано се укажува потреба од носење законски измени на одредени закони за кои праксата покажала дека имаат слабости, а таа измена не ретко доцни од различни причини – некогаш кај извршната, некогаш кај законодавната власт.

- Имплементацијата страда од, генерално, два проблема – недостиг на човечки или инфраструктурен капацитет и недостиг на пари, односно потценето финансирање од буџетот.

- Постојат две функционални главни тела за заштита на човековите права и спречување на дискриминација – Народен правобранител и Комисија за спречување и заштита од дискриминација. Учинокот на двете тела е различен. Канцеларијата на Народниот правобранител е тело кое работи најчесто со укажување и алармирање на институциите, додека Комисијата агилно поднесува и барања за утврдување прекршоци кога ќе утврди дискриминација што дискриминаторот не ја отстранува.

- Министерството за труд и социјална политика како орган на државата со најголеми надлежности во однос на почитувањето на човековите права кај наширокі категории граѓани, генерално, ги покрива сите области и со правна регулатива и со имплементација која бележи подобрување и напредок, а најголемите предизвици ги регистрира во системот на социјалната заштита и заштитата на ранливи и маргинализирани групи, лица со попреченост, семејно насилство и насилство врз деца, каде сè уште се бележи дискриминација од различни внатрешни причини.

- Проблемот со лошите услови во институциите од затворен тип, пред сè, во притворските и затворските институции, како и во воспитно-поправните институции за малолетници е сè уште силно изразен и со многу бавно темпо на подобрување.

- Дискриминацијата и насилството врз ЛГБТ-заедницата се сè уште присутни во голема мерка. Трансфобијата е силно изразена дури и од претставници и на власта и на опозицијата.

- Инклузијата на Ромите, иако нормативно покриена, страда од недоволна буџетска поткрепа, а Ромите сè уште се соочуваат со примери на дискриминација и на сегрегација.

- Говорот на омраза (и криминалот од омраза) е феномен што има тренд на влошување и зголемување во последните две-три години, вклучувајќи ја и 2022 година, а главна причина е неказнивоста, а не препознавањето и пријавувањето до надлежните институции.

СТРАТЕШКА РАМКА И ЗАКОНИ

Стратешката и законската рамка во однос на заштита на основните права на човекот во РСМ останува на задоволително ниво. РСМ е потписник на повеќето меѓународни документи во оваа област и тие конвенции и договори се ратификувани во Собранието, со што може да се констатира дека се дел од домашното право, по сила на ратификацијата, а потоа и преку посебни законски решенија.

Главен стратешки документ е Националната стратегија за развој на концептот едно општество за сите и интеркултурализам, која стапи во сила во 2019 година, која предвидува еден од основните столбови врз кој ќе се работи да бидат еднаквоста и недискриминацијата како основа за да се отстрани поделеноста во македонското општество, со акциски план, кој е донесен во октомври

2019 година. Покрај оваа национална стратегија, во рамките на другите стратегии, од кои најголем дел за имплементација се под капата на Министерството за труд и социјална политика, вреди да се издвојат Националната стратегија за еднаквост и недискриминација, Стратегијата за родова еднаквост, Стратегијата за инклузија на Ромите во РСМ, Националната стратегија за превенција и заштита на децата од насилство и други, заедно со акциски планови, програми, протоколи и слично. Дел од овие стратегии, како што напоменаа експертите од фокус-групата, се истечени во 2021 година и се изработија нови документи врз база на постојните. Таков пример е Стратегијата за родова еднаквост, чие продолжување за периодот 2021-2026 г. беше на второ читање во Собранието на РСМ во април 2022 г., а проверката извршена во јуни покажа дека сè уште не е усвоена. Втор пример е Стратегијата за инклузија на Ромите, која истече во 2020 и беше поставена за јавна консултација на Единствениот национален регистар на прописи – ЕНЕР на 30.12.2021 година. Во февруари 2022 г., Владата на РСМ усвои Стратегија за инклузија на Ромите 2022 – 2030 година, а веќе во април на седница на Влада било дискутирано за социјални и економски политики за поддршка на ромската заедница согласно Стратегијата[1]. По ова беше соопштено дека годинава биле издвоени 14 милиони денари повеќе отколку во 2021, т.е. вкупно над 73 милиони денари за спроведување на инклузијата, за во мај, со ребалансот, сумата повторно да се сведе на околу 63 милиони или само нешто малку над еден милион евра. Меѓутоа, има и стратегии што се истечени, а за кои не може да се најде податок дека се подготвуваат нови, како што е Националната стратегијата за еднаквост и недискриминација, која важела за периодот 2016 – 2020 година. Како последна новина може да се регистрира најавата за Национална стратегија за правата на лицата со попреченост, што беше соопштено на самиот крај од јуни годинава.

Во однос на законската рамка, Северна Македонија уште во Уставот ги гарантра сите фундметални права, а тие се преточени во соодветни закони. Како поважен, чија имплементација почна во 2021 и продолжува во 2022 г., може да се издвои Законот за заштита и спречување на дискриминација (донесен на крајот од 2020 година) и формирањето на Комисијата за спречување дискриминација (КСЗД), која согласно овој закон, прв пат беше избрана на транспарентен начин во Собранието, на јавен конкурс. Седумчлената комисија има мандат на четири нејзини членови од по пет години, на тројца со три години и со право на реизбор, а претседателот се избира од редовите на членовите на комисијата со мандат од една година. Меѓутоа, Собранието доцни со изборот на седмиот член, бидејќи во 2021 беа избрани шест, а иако Комисијата интервенираше до Собранието до крајот на јуни 2022 г, сè уште нема избор на последниот член на ова тело.

Во јули 2021 година, стапи во сила Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, кој се смета за прв закон со кој се санкционира родово базираното насилство. Во април 2022 г., Министерството за труд и социјална политика, во соработка со други министерства и невладиниот сектор, подготви и испрати извештај до Советот на Европа за спроведувањето на активностите од Акцискиот план (кој е со важност од 2018 до 2023), за спроведување на Конвенцијата на Советот на Европа за спречувањето и борба против насилството врз жените и домашното насилство (Истанбулска конвенција)[2].

Во однос на законската рамка, новини се предлог на Законот за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство, како и измените и дополнувањата на Кривичниот законик, каде што се воведува кривично дело „демнење“, за да се обезбеди заштита на жените од сексуално и секакво друго вознемирување преку канали за комуникација, вклучувајќи и интерент. И двата прописа не беа усвоени до крајот на подготвувањето на овој извештај, иако се предложени уште во втората половина на 2021 година.

Во однос на законите и подзаконските акти, праксата покажува кои закони имаат слабости и треба да се изменат. Преку работата и препораките на Народниот правобранител и Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, веќе има препораки за дополнување на одредени ставови од Законот за основно образование, од Законот за заштита на децата, како и еден подзаконски акт поврзан со овој закон, препораки за измени и дополнувања и на други закони што ја регулираат областа на човекови права, како и иницијативи за работни групи, кои доправа треба да предлагаат други законски измени. Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, иницира и дополнување на основниот закон од областа, но и други закони, како што е Законот за прекршоци.

1 - Влада на РСМ – 5.4.2022 – Соопштение од 34 седница – (достапно на https://vlada.mk/node/28336)
2 - МТСП – 5.4.2022 – Извештај на Северна Македонија до GREVIO на СЕ – (достапно на https://bit.ly/3McA9kl)

ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА

Она што може да се извлече како основен заклучок во однос на стратегиите и законите, дефинитивно, за сите области, не само за фундаменталните права, е дека имплементацијата на прописите и документите се одвива со различна динамика. Некаде подобро, некаде полошо или послабо, а некаде, како на пример на заштита на правата на ранливите и маргинилизираните групи, дури и кога ќе се стигне до висок степен на напредок, работите се враќаат назад. Таков пример беше со правата на заштита на трансродовите лица, кога наместо да се усвојат повисоки права на заштита преку измените на Законот за матична евиденција, предлог-измените беа вратени назад на дорабoтка во Влада и не се знае кога документот повторно ќе биде испратен во Собранието.

Според експертите во фокус-групата, добар или одреден степен на имплементација може да се припише кај примената на Законот за спречување на дискриминација, кај превенцијата и примената на мерки за заштита на жената од насилство, кај почитување на правата на децата, особено на децата што се згрижени од државата, бидејќи процесот на деинституцинализација веќе е при крај, а таму каде што сè уште постојат државни институции работите стојат лошо[3], потоа со првата на децата со попреченост, во смисла дека од лани прв пат се овозможува користењето образовен асистент на сметка на државата и во некои други области. Може да се каже дека, покрај веќе споменатите права на трансродовите лица, работите многу бавно се менуваат во областите околу правата на лицата со посебни потреби во одредени категории, правата на лицата во затворените институции, говорот на омраза, каде што состојбите се дури и полоши, и друго.

За тоа каде се најголемите проблеми, најсликовито може да се види и од оценката на Хелсиншкиот комитет за човекови права, од каде што во декември 2021 по повод Светскиот ден за правата на човекот излегоа со оценка во која, меѓу другото, се вели:

Во нашиот контекст, структурната дискриминација и понатаму е највидлива во односот кон Ромите, лицата со попреченост, сексуалните и родовите малцинства, жените, лицата во затворени институции[4].

Впрочем, основните проблеми во имплементацијата на фундаменталните права се релативно прецизно набележани и во последниот Извештај за РСМ на ЕК, каде што меѓу приоритетите на државата за 2022 година се потенцираат и „правата на лицата во притвор/затвор; промовирање, заштита и гарантирање на правата на лицата од ранливи или маргинализирани категории“, како и „дополнително да го подобри квалитетот на услугите во заедницата за идентификување на децата во ризик и да обезбеди соодветна поддршка за ранливите категории деца, особено децата жртви на насилство, децата Роми и децата со попреченост“[5].

Дека не се доволни само законите, говори и податокот со примената на Законот за неевидентирани лица во матична книга на родени, донесен уште во февруари 2020 г. Според вкрстени сознанија од Народниот правобранител (НП) и од медиумски истражувања, овој закон не се имплементира во пракса како што треба во однос на крајната цел. Има различни податоци за тоа колку лица се регистрирани како лица без документи. Покрај тоа што НП утврдил дека 60 отсто од тие лица се деца и дека надлежните немаат точна евиденција колку деца се пријавени за новородени по истекувањето на рокот, едно друго новинарско истражување откри дека и од тие што се пријавиле, над 300, и кои добиле привремен матичен број и документ дека се впишани во Привремената книга за матична евиденција, со тој документ не можат да остварат ниту едно право, од отворање сметки во банки до апликација за привремена парична помош по основа на социјално загрозени лица или до здравствени и образовни услуги, бидејќи институциите не им ги признаваат тие документи. Во новинарското истражување на „360 степени“ се покажа дека институциите не соработуваат за да го решат проблемот, кој лежи и во непрецизниот закон и во однос на тоа кои документи се потребни за да се реши проблемот со лицата-фантоми за и тие да бидат видливи за системот[6].

3 - Мајка и дете – 6.4.2021 – По демантот... – (достапно на https://bit.ly/3r6eGBf)
4 - ХКЧП – 10.12.2021 – Стремеж кон еднаквоста мора да постои – (достапно на https://mhc.org.mk/news/stremezhot-kon-ednakvosta-mora-da-opstoi/)
5 - СЕП -Извештај на ЕК за РСМ за 2021 – 16.10.2021 – (достапно на https://www.sep.gov.mk/data/file/Pregovori/North-Macedonia-Report-2021-%D0%9C%D0%9A2.pdf)
6 - 360 степени – 18.4.2022 - Проблем со лицата фантоми – (од 17 мин. во видеото) – (достапно на https://www.youtube.com/watch?v=cp3NVM2xQcI)

Ова истражување покажа дека проблем може да биде и квалитетот на законското решение, бидејќи непобитно се утврди дека законот не е докрај прецизен. Сличен таков пример пронајде и Канцеларијата на НП, бидејќи во последниот годишен извештај за својата работа истакнуваат за проблеми што произегуваат од последниот Закон за социјална заштита од 2019 година што довеле до намалување на бројот на приматели на парична помош од државата токму поради неспроведливи законски решенија.

Проблем за ефикасна имплементација на дел од законите што се однесуваат на фундаменталните права се и финансиите. На пример, ако се погледне Извештајот „Северна Македонија до експертите на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство", може да се констатира дека вкупно на годишно ниво за таа намена се обезбедуваат не повеќе од 200.000 евра - за поддршка на центрите за социјална заштита, за шелтер-центрите и СОС-телефонските линии, за граѓанските организации што се баваат со оваа проблематика, за здравствена заштита на жртвите, а во споменатата сума спаѓа и најголемата ставка од 5 милиони денари или 80-ина илјади евра на годишно ниво за бесплатна правна помош, од која, на пример, за 2020 година биле искористени само околу 25 илјади евра[7].

Проблемот со недоволната финансираност може да се сретне и при инклузијата на Ромите, и кај институциите Народен правобранител (НП) и Комисија за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД), иако оваа година парите за поддршката се зголемени и кај двете институции. Првичните средства со Буџетот од 2022 г., со Ребалансот на буџетот доставен до Собранието на крајот од мај 2022 г., иако не драстично, сепак се зголемени, но под силен притисок, особено на КСЗД...

Заклучокот би бил дека и таму каде што има стратегии и закони, имплементацијата зависи од менаџерските способности за посебните секторски области што се покриваат (деца, Роми, антидискриминација), но и од финансирањето на сето тоа. Развојот на основните права си има и цена – сметаат сите експерти со кои разговаравме, и тоа мора да се калкулира од секоја извршна власт во буџетите на државата. Последните буџетски политики за 2022 г. покажуваат дека извршната власт има сенс за овие финансиски потреби, па иако не може да се каже дека „се расфрла" со пари, односно дека е „издашна", сепак, по малку ги зголемува финансиските средства во повеќе секторски политики што го покриваат комплексот основни или фундаментални права.

КСЗД И НП – ДВЕТЕ КЛУЧНИ ТЕЛА ВО ЗАШТИТА НА ОСНОВНИТЕ ПРАВА

Главни институционални пилари за оперативна заштита на основните права на човекот, вклучувајќи ги и превенцијата и заштитата од дискриминација, во земјата се две институции – Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) и Народниот правобранител(НП).

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) во нов состав е формирана минатата година (2021 г.), врз основа на новиот Закон за спречување на дискриминација донесен во 2020 година. Седумчлената комисија (односно 6, затоа што еден сè уште не е избран), има значително широки надлежности, што ѝ ги дава законот, но и предизвик како тоа да се спроведе за брзо време и без целосна подршка од државата, иако самата КСЗД признава дека добила помош во оваа една година и од државата, и од ОБСЕ и од невладиниот сектор, преку британска програма за подршка и развој. Во 2022 г., беше ставен во функција и веб-сајтот на Комисијата, со што се овозможи и полесно поднесување електронски пријави (https://kszd.mk/), но, заедно со профилната страница на „Фејсбук", овозможува и поширока комуникација со јавноста.

Гледајќи ги едногодишните постигнувања на Комисијата, може да се заклучи дека ова, по дефиниција независно тело, во целост ги оправда и довербата од јавноста и големите овластувања што ѝ ги дава законот, а за што, веројатно, е најзаслужен и начинот на избор на Комисијата преку

7 - МТСП – 5.4.2022 – Извештај на Северна Македонија до GREVIO на СЕ –стр.11- (достапно на https://bit.ly/3McA9kl)

отворена парламентарна дебата и јавно претставување на програмите и вештините на тогашните кандидати, сегашни членови на Комисијата.

Според статистиката изнесена во Годишниот извештај[8] на КСЗД, до крајот на 2021 година, значи за период од 6-7 месеци од кога Комисијата ефективно работеше, постапувала по 167 претставки, од кои 77 биле наследени од претходниот состав на тоа тело, кој пак не фукционираше. Комисијата примила 90 нови претставки од кога е формирана, што покажува дека расте довербата во ова тело, а заклучно со март 2022 г. отвори и неколку предмети по допрен глас од јавноста, при што треба да се истакнат предметите поврзани со религиското движење Лев Тахор и со дискриминација на девојче со посебни образовни потреби од едно училиште во Гостивар, кое заврши во март со мислење од Комисијата дека е сторена дискриминација и со препораки како да се отстрани. Во првата половина од април, ОУ „Единство“ од Гостивар ја известило Комисијата со писмени докази дека дискриминацијата е отстранета и се прифатени и имплементирани препораките од КСЗД.

Во однос на претставките, тие доаѓаат повеќе од мажите отколку од жените, најмногу се од Скопје, а најчеста основа е „лично својство“(квалификација кога не може точно да се дефинира по која основа е претставката - н.з.) и „општествен статус“. До крајот на 2021 година Комисијата утврдила дискриминација во 40 случаи, додека кај 39 се утврдило дека нема основа за дискриминација. За 10 претставки Комисијата донела заклучок за непостапување, неповедување или запирање на постапката, а 41 претставка биле отфрлени поради утврдена ненадлежност, неуредност, застареност и недопуштеност. За 37 претставки постапката е во тек и се водат како отворени предмети“ (стр. 22 од Годишниот извештај).

БРОЈОТ НА ПРЕТСТАВКИТЕ РАСТЕ И ВО 2022 Г.

Успешната работа на Комисијата во текот на седум-осум месеци минатата година, колку што реално нејзините членови имаа какви-такви услови за работа, очигледно е препозната од јавноста. Тоа го покажуваат и бројките, бидејќи само до крајот на март или за првиот квартал од 2022 година, до Комисијата пристигнале 57 нови претставки, а вкупно работеле на 95 претставки. Вреди да се истакне дека 3 постапки се покренати по сопствена иницијатива на КСЗД, со што се покажува дека т.н. механизам по допрен глас, кој е вграден и како законско овластување на Комисијата, се почитува и функционира[9]. Според структурата на подносителите, малку е пораснат бројот на правни лица како подносители, но сè уште е рано да се вадат заклучоци дали тоа укажува на некој тренд. Но, уште поинтересно е што нешто повеќе од половина од претставките добиени во овој период се од областа на јавното информирање, а кога ќе се соберат и тие од минатата година, се доаѓа до заклучок дека дискриминација преку социјални мрежи и поретко преку дигитални или традиционални медиуми е реалност во земјата.

Во второто тромесечје, односно до пред затворањето на овој извештај, примени се уште повеќе десетици претставки. Комисијата, според неофицијалните податоци добиени од самата КСЗД, првата половина од 2022 г. очекува да ја заокружи со вкупно над 130 претставки, а конечните официјални бројки ќе бидат објавени во јули, во вториот квартален извештај.

Освен тоа, во овие два квартала од годинава, Комисијата работеше и на доекипирање, како и на серија внатрешни акти за постапување, кои се важни за работата на КСЗД, како што се акт за анонимизирање на податоци, акт што би ја регулирал работата на волонтериите итн. и, дополнително, креирање подзаконски акт со кој би се регулирала прецизно постапката за префрлање на товарот на докажување кон посочениот дискриминатор.

КСЗД БАРАЛА БУЏЕТ ДО 730 ИЛЈАДИ ЕВРА, А ДОБИЛА 315 ИЛЈАДИ (СО РЕБАЛАНСОТ)

Сепак, предизвиците пред ова тело остануваат, пред сè, во организациска смисла и во имплементација на нејзините одлуки. До крајот на 2021 г. беа пополнети помалку од половина од работните места според систематизацијата на самата Комисија (29 работни места, а само 10

8 - КСЗД – март 2022 – Годишен извештај 2021 – (достапно на https://bit.ly/36I5onG)
9 - КСЗД – април 2022 -Квартален извештај (стр. 7) – (достапно на https://bit.ly/3lxJqI7)

административни службеници добиени со преземање од други институции), кои работат во два сектора што покриваат четири систематизирани одделенија, со буџет од државата кој е за половина и повеќе помал од потребите што ги утврдила самата Комисија. Веќе во првиот квартал на 2022 со преземање се пополнети уште две, а по отворениот конкурс за доброволно преземање од јавната администрација уште две и во вториот квартал уште два работни места, така што првата половина од годинава КСЗД ја завршува со 16 службеници, што значително ќе помогне во нејзината ефикасност во текот на оваа година. Во март 2022 г., првата претседателка на Комисијата Весна Бендевска изјави дека Министерството за финансии не изразило никаков интерес за барањето на Комисијата, ниту работното тело во Собранието надлежно за финансирање и буџет не покажало никаков интерес, па така наместо бараните околу 730 илјади евра годишен буџет, беше препишан буџетот од 2021 година од 15,3 милиони денари (нецели 250 илјади евра) или само за 120 илјади денари повеќе од ланскиот[10].

Сепак, во интервјуто[11] за потребите на овој извештај направено во мај, Бендевска потврдува дека односот на извршната и законодавната власт полека се менува на подобро, односно дека полека се доаѓа до разбирање за инфраструктурните, кадровските и финансиските потреби на Комисијата за да ја исполни во целост својата улога. Тоа резултира со дијалог со Министерството за финансии при подготовката на ребалансот на државниот буџет и зголемување на буџетот на Комисијата за уше 4 милиони денари или околу 65 илјади евра со ребалансот усвоен од Владата на крајот од мај, со што КСЗД за 2022 г. има вкупен буџет од 315 илјади евра.

Секако, ова е сè уште далеку од потребите, но Комисијата изразува задоволство што била единствена од четирите независни институции во земјата што во услови на големи кратења и дефицит, добила повеќе средства со ребалансот.

Освен ова, извршната власт имала разбрање и за потребата од поголем број административни службеници (што е потврдено и со кварталниот извештај), но поголемо разбирање е искажано и од Законодавниот дом, бидејќи овој пат добиле ветување дека ќе бидат повикани на собраниската Комисија за финансирање и буџет при усвојување на годишниот извештај за 2021 г. и финансиските потреби на Комисијата за 2022 г. и тоа се случило, иако нивниот извештај сè уште не е разгледан поради заглавеност на собраниската комисија со други точки.

КСЗД сè уште има проблеми во функционирањето во поглед на инфраструктурата и одржувањето на просториите, а за да биде целосно функционално независно тело како што е дефинирано со Законот, КСЗД иницира измена на матичниот закон.

- Имаме намера да иницираме измени на Законот за спречување и заштита од дискриминација, во член 15, став 4, за да бидеме целосно независни, но за тоа ќе треба и целосна измена на Законот за извршување на буџетот. Ставот 4 од Законот вели дека по утврдувањето на годишниот буџет од страна на Собранието, Комисијата самостојно располага со добиените средства. Но, во пракса тоа не е така, затоа што за нови вработувања, на пример, Комисијата треба прво до добие дозвола од Министерството за финасии, исто како што ни треба дозвола за секоја внатрешна пренамена на средствата добиени на годишно ниво, со што, де факто, независноста на комисијата не е целосна, односно таа повторно е потчинета на извршната власт - вели Бендевска.

КСЗД СМЕТА ДЕКА ТРЕБА ДА БИДЕ ПРЕКРШОЧЕН ОРГАН

Комисијата има уште една иницијатива за промена на законот, за што веќе има договор за формирање и членување во работна група заедно со други органи на извршната власт. Станува збор за измена на Законот за прекршоци и усогласување на тој закон преку измени и на Законот за спречување и заштита од дискриминација, со кој Комисијата наместо овластување да поднесе барање за прекршок до надлежните одделенија за прекршоци во основните судови, би можела сама да изрекува прекршочни налози. Со други зборови, анализите на Комисијата покажале дека треба

10 - „Вин-вин"/ТВ „Телма' – март 2022 – Изјава на Весна Бендевска – (достапно на https://www.youtube.com/watch?v=gS2R4po7bu0)

11 - Два разговори со Весна Бендевска во мај и јуни 2022 година

да добие и овластување да биде и прекршочен орган и оти со тоа заштитата од дискриминација ќе биде побрза и поефикасна.

Треба да се напомене дека дури и со сегашното законско решение Комисијата прилично агилно ја користи можноста со повеќе барања до основните судови за прекршочни постапки против дискриминаторите што и по утврдувањето на сторена дискриминација не ги отстраниле причините или агилно како пријатели на судот доставуваат и свои мислења за одделни случаи. Од Комисијата исто така информираат дека имаат регистрирано дискриминација дури и во институциите на извршната власт и оти активно работат за да се отстрани таа дискриминација.

Освен тоа, членовите на Комисијата сметаат дека тоа што се сместени во поранешните простории на Државната комисија за спречување на корупцијата, кои сами по себе не овозможуваат пристапност за лицата со физичка попреченост, е непријатност, дури и само според пораката што ја испраќа во јавноста кон овие лица. КСЗД во Годишниот извештај испратен до Собранието изнесува и препораки што се однесуваат и на измени на Законот и за избор на преостанатиот член од Комисијата, за таа да биде комплетна со седум члена.

НП – БРОЈОТ НА ПРЕТСТАВКИТЕ, ПО ГОДИНИ ОПАЃАЊЕ, Е ВО БЛАГ ПОРАСТ

Канцеларијата на Народниот правобранител, една од двете главни институции за заштита на основните права и слободи на граѓаните, на крајот од март ги презентира основните податоци за работата во Годишниот извештај за 2021 г.

Според информациите што ги изнесе Народниот правобранител, во 2021 година биле примени/заведени 2.686 претставки, а 389 биле пренесни од претходната година или вкупно се регистрирани над 3.000 предмети. Притоа, најмногубројни биле од областа на правосудството – 436 претставки или над 16 отсто, потоа претставките од областа на детските права - 254, на трето место биле претставките за заштита на потрошувачките права - 228 , потоа во однос на правата од работен однос - 218 претставки, од областа на социјалната заштита - 183 претставки, од областа на работењето на казнено-поправните и воспитните институции - 162 претставки, од имотно-правната област - 150, од областа на урбанизмот и градежништвото - 136 претставки и другите се претставки од други области[12].

Од вкупно 3.075 претставки, Канцеларијата на НП постапувала по 2.085 предмети или 67.80 отсто, а од нив во 755 предмети е констатирана повреда на човековите слободи и права и интервенирано е со цел отстранување на тие повреди. Притоа, во 500 случаи надлежните органи постапиле по интервенцијата на Народниот правобранител, во 233 НП морал да интервенира на други начини до повисоки органи, а во 23 предмети во април сè уште се чекаше одговор од надлежна институција или орган.

Од ова може да се види дека ефикасноста на Канцеларијата на НП е нешто над две третини во однос на вкупниот број предмети по кои работат, што можеби зависи и од непополнетоста на работните места според систематизацијата што ја има оваа институција.

НЕПОПОЛНЕТИ 100 МЕСТА КАЈ НП СПОРЕД СИСТЕМАТИЗАЦИЈАТА

Со последниот Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Стручната служба, Тимот на националниот превентивен механизам, Посебните одделенија и Канцелариите на Народниот правобранител НПР бр. 1695/3 од 1.7.2021 година, предвидени се 183 работни места за извршување на работните должности, од кои до декември 2021 година пополнети се 85.

12 - Народен правобранител – 29.3.2022 – Прес-конференција на НП на РСМ – (достапно на https://bit.ly/3NuMgdp)

Во Извештајот, во делот на статистички показатели, може да се види и тоа дека бројот на примени претставки, споредено со неколку години наназад, е во опаѓање, што според експерти што ги консултиравме за овој извештај (експертите за основни права), може да укажува на тенденција дека јавноста не ја доживува канцеларијата на НП или самиот НП како институција што може да им помогне или да биде ефикасна ако се пожалат.

ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ СО БРОЈ НА ПРИМЕНИ/ ЗАВЕДЕНИ ПРЕТСТАВКИ

2016 г.	2017 г.	2018 г.	2019 г.	2020 г.	2021 г.
3775	3223	3458	3453	2448	2686

Народниот правобранител Насер Зибери, во гостување на ТВ „Телма“ на 25.5.2021, посочи дека благодарение на соработката со медиуми (особено со посочената телевизија) заради зголемување на видливоста на Канцеларијата НП и препознавање на институцијата од страна на граѓаните како тело што е во заштита на нивните основни права, бројката на поплаки во првите пет месеци од 2022 г. е во пораст и е поголема во споредба со првите пет месеци од 2021 година, иако не прецизира нумерички податоци. Најголем дел од поплаките се однесувале на правосудството, во делот на извршувањето и работата на извршителите, полициските овластувања, безбедносниот сектор, при што особено ја апострофира Агенцијата за национална безбедност, состојбата во затворите, состојбата со правата на децата, особено во поглед на образованието, и прв пат и претставки од областа на правата поврзани со домувањето.

Во однос на соработката на инстиуциите, Зибери кажа дека има промени во однос на однесувањето на Владата, но не и на начинот на кој таа се инволвира. Посочи дека Владата сега редовно го известува НП доколку од Канцеларијата добие поплака за несоработка на некое раководно лице или орган на управа, но само со формално известување дека ја препратиле жалбата до посечената институција и дека чекаат одговор. Претходно, на почетокот на февруари 2022 г., Народниот правобранител Насер Зибери во јавноста изнесе податок дека е правена анализа на постапувањата на одлуките или укажувањата на Канцеларијата на НП. Притоа, утврдиле дека „околу 30 отсто од органите постапуваат навремено, 30 отсто реагираат по повторено барање, а 30 отсто воопшто не одговараат“. Зибери тогаш рече дека најмалку кооперативни се судството и апаратот на присила во државата, кој се чувствува моќен и не сака контрола. Неодговарање на барање од Народниот правобранител се смета за попречување на работата на Народниот правобранител, нагласи Зибери во гостувањето на „Утрински брифинг“, на веб-телевизија на „Слободен печат“.

Во делот на иницијативноста на Канцеларијата на НП, првиот човек, во споменатото гостување на 25.5.2022, на ТВ „Телма“, изјави дека покренале три прашања што може многу да ја подобрат состојбата со правата на голема група граѓани:

- Иницијатива до Собранието за измена на Законот за облигации, со што ќе се ограничи и казнената камата што ја плаќаат граѓаните должници кон доверителите, исто како што тоа претходно е сторено со договорната камата (поплаки од областа на извршувањето).

- Иницијатива во соработка со Регулаторната комисија за енергетика за измена на подзаконските акти со кои операторите за услуги поврзани со електричната енергија и снабдувањето со вода ќе бидат задолжени да ги читаат струјомерите и другите уреди најмалку еднаш квартално, наместо како досега еднаш годишно (поплаки поради паушални сметки).

- Измена на локацијата на малолетничиот затвор за женски лица од просториите на КПД Идризово (несоодветна локација за казна и ресоцијализација).

ДРЖАВАТА НЕ СЕ ПРЕТРГНУВА СО ПАРИ, АМА БУЏЕТОТ НА НП СЕПАК БАВНО РАСТЕ

Канцеларијата на Народниот правобранител, и во годишниот извештај за својата работа и преку првиот човек на Канцеларијата, во изминатите месеци изнесе тврдење за не баш мало намалување на средствата што ги обезбедува државата за функционирањето на оваа институција. Според тврдењето на омбудсманот Насер Зибери, на прес-конференцијата по повод претставувањето на извештајот, буџетот за 2021 г. му бил намален кумулативно за 30 проценти споредено со 2020 година.

„Јас и министерот за финансии сме во перманентен судир за основни прашања, немаме средства да вршиме активности. Тоа е недозволиво. За 2021 година буџетот е намален за 10 отсто во споредба со претходната година. Истото се случи и со ребалансот во август, додека буџетот за 2022 година е 10 отсто од него. За една година буџетот е намален за 30 проценти. Ова го сфаќам како тенденција за задушување на институцијата“, изјави Зибери[13].

Еве што кажува за буџетот Канцеларијата на НП во Годишниот извештај за 2021:

„Буџетот за Народниот правобранител за 2021 година помина низ еден ребаланс и една Одлука за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите, со кои буџетот од 83.755.000 се намали на 77.738.000 ден, односно за 6.017.000 денари, што претставува 5,3% намалување во однос на буџетот за 2020 година. 2021 година ќе остане забележана како втора година што помина во сенката на пандемијата со вирусот на ковид-19 и како таква го забави темпото на работа, го намали обемот на промотивни и други активности и наметна рестриктивни околности за работа. Реализацијата на намалениот буџет се оствари во 95%. Во бројки изразено, буџетот на Народниот правобранител по ребалансот и две извршени пренамени изнесуваше 76.762.200,00 ден. додека НПМ потпрограмата располагаше со 375.000,00 ден. Поради неекипирањето на механизмот на граѓанска контрола со три надворешни члена и неговото незаживување во таа смисла, средствата што беа распоредени за оваа потпрограма се пренаменија за други потреби, со што останаа да фигурираат само 800,00 ден. Механизмот за мониторинг на имплементацијата на Конвенцијата за правата на лица со попреченост располагаше со 300.000,00 ден., а Националниот известувач за трговија со луѓе и илегална миграција со 300.000,00 ден. или вкупно 77.738.000,00 ден. изнесуваше буџетот на институцијата Народен правобранител за 2021 година“.

Сепак, од проверка во буџетот за 2022 година[14] и споредбите за изминатите неколку години, не може да се добие овој впечаток. Имено, во разделот 31101 од буџетот беше наведено дека за 2021 година вкупните расходи кон институцијата НП изнесувале 81.755 милиони денари (1,327 милион евра), додека за 2022 година се предвидени 85.600 милиони денари (1,390 милион евра) или зголемување за околу 63 илјади евра. Со ребалансот од мај 2022 е предвидено оваа сума да биде дополнително зголемена. Тоа не исклучува дека со ребалансот во 2021 година навистина бил скратен дел од средствата со кои располага НП.

Генералниот заклучок би бил дека државата навистина не се претргнува со пари за заштита на основните права кога станува збор за Канцеларијата на Народниот правобранител. Сепак, факт е дека буџетот во изминатите неколку години малку по малку расте. Со ребалансот на буџетот од крајот на мај, Канцеларијата НП добива плус два милиона денари директно од буџетот на РСМ и околу 600 илјади денари од донации, така што буџетот на НП за 2022 би требало да изнесува 88.199 милиони денари или околу 1.432 милион евра, за разлика од утврдениот во декември 2021 за 2022 г. од 1.327 милион евра (курсот е пресметан според средниот курс на Народна банка од 61.6 денари за евро - н.з.).

13 - Алсат ТВ/веб – 30.09.2022 – Зибери обвинува дека власта сака да ја задуши...(достапно на https://alsat.mk/mk/ziberi-obvinuva-deka-vlasta-saka-da-ja-zadushi-institutsijata-pravobranitel/)

14 - Собрание на РСМ – декември 2021 – Затворени материјали/Предлог буџет за 2022 – (достапно на https://www.sobranie.mk//materialdetails.nspx?materialId=60a3a254-9fc0-4ff1-b0b2-4c009a2073c6)

ЛОШИТЕ УСЛОВИ ВО ЗАТВОРИТЕ ОСТАНУВААТ НЕРЕШЕН ПРОБЛЕМ

Еден од големите проблеми со остварувањето на фундаменталните права во РСМ се правата на лицата што престојуваат во казнено-поправните установи. Оваа лоша состојба со години се констатира и од медиумите и од Канцеларијата на Народниот правобранител(НП), од страна на невладините организации што се занимаваат со ова прашање, како на пример Хелсиншкиот комитет, но и во Извештајот на ЕК за РСМ за 2021, во Извештајот на американскиот Стејт департмент за почитување на човековите права, во извештаите на Советот на Европа за Северна Македонија и на Комитетот на Советот на Европа (СЕ) за спречување тортура.

Според НП во Извештајот за 2021 година, бројот на претставки за ова прашање е во рамките на просекот од 2020 година, односно добиле 161 претставка (170 за 2020 г.). Оценката од анализата на претставките, но и од теренското истражување на Канцеларијата на НП од август 2021 г., е дека главните проблеми кај казнено-поправните установи (КПУ) се во две насоки: а) необезбедување основна здравствена заштита; б) лоша инфраструктара и пренатрупност во затворите.

Фрапантно делува податокот до кој дошле од канцеларијата на НП. Имено, дури половина се без никаква здравствена заштита: „Проблемот со здравствената заштита на осудените/притворените лица, ниту со новата реформа никако да се реши, од причина што речиси половина од установите каде се сместуваат овие лица сè уште немаат на располагање лекар. Дел од овие установи, со цел да го премостат овој проблем, самите ангажираат лекари за да не ги остават осудениците без примарна здравствена заштита“.

Освен лекар, кај половината од ваквите установи нема ни медицинско лице сестра/брат, а лоша е состојбата и со пружање стоматолошка и психијатриска заштита. Во повеќето од 11-те КПУ во РСМ лоша е состојбата и со просториите определни за здравствена заштита, во смисла на дотраеност на опремата: „Амбулантите во установите вообичаено се состојат од ординација на матичен лекар и соба за прегледи, кои се опремени со основната опрема, соодветен ормар за лекови, медицински кревет, апарат за мерење притисок, апарат за мерење шеќер, а само неколку установи располагаат со функционални ЕКГ-апарати, дефибрилатори, боци за кислород и маски и сл., но, најчесто, опремата со која затворските амбуланти располагаат е дотраена или нефункционална“.

Ваквите констатации за лошата лекарска грижа за осудените и притворените лица во земјава со години е тема на генерално или парцијално известување на дел од медиумите. Но, фрапантноста од медицинската (не)грижа за затворениците особено беше истакната во новинарско истражување на специјализирана емисија на една национална телевизија. Во најголемиот затвор во Северна Македонија, Идризово, за околу 1.200 затвореници се грижат шест медицински лица - лекарка, две сестри, лаборант, стоматолог и стоматолошка сестра. Овој скромен тим е премал за да ги реши проблемите, како што е проблемот со огромниот број зависници што се на терапија за одвикнување, а уште поголем проблем се шесте сомнителни случаи на затвореници со малигни заболувања, кои не ја добиваат потребната медицинска грижа. За еден од нив, странски државјанин осуден на 7 години затвор, кој по утврдување на малиген меланом, иако побарал и добил привремен отпуст од затворот заради лекување лани во декември, надлежното обвинителство се жалело на ваквата одлука, а Кривичниот совет во судот, кој не донел итно решение за оваа жалба, вината ја префрла врз Управата на КПУ Идризово, која според закон можела да реагира и да го отпушти затвореникот. Епилогот е, што затвореникот починал на 18 декември додека траела оваа правна разврска низ институциите. Ова е само дел од сликата за македонските затвори што беше презентирана на ТВ „Телма“ во рамките на емисијата „Код“[15].

Вториот проблем е пренатрупаноста во затворите, од кои повеќето се во лоша состојба. При теренското истражување на Народниот правобранител тоа било констатирано и со прецизни бројки. Реалните сместувачки капацитети се за 1.947 осудени лица, а во моментот на посетата биле затекнати 2.058 затворени лица. Со тоа што, некаде пренатрупаноста е понагласена, а некаде не. На пример, најголемата затворска установа во земјата, Идризиво, има капацитет за 900 осуденици, а во август лани таму биле сместени 1.102 лица. Иста таква, на граница на аларм, е состојбата во затворот во Штип, каде што сместувачкиот капацитет е за 160 лица, а биле затекнати 227 лица.

15 - ТВ „Телма“/„Код“ – 8.5.2022 – Затвори со мали лекарски служби...- (достапно на https://www.youtube.com/watch?v=Z9HWDCxthkM&t=216s)

Загрижувачка е состојбата и во воспитно-поправните домови, каде што се сместуваат малолетни лица, и тоа од два аспекта. Во рамките на КПУ Идризово постои воспитно-поправен дом за женски лица малолетнички, при што НП констатирал дека тие се во постојан контакт со полнолетните осуденички, што, според НП, е недозволиво. Тие генерално препорачуваат дека КПУ Идризово не е соодветно место за воспитно-поправен дом за малолетници. Вториот аспект за загриженост е образовниот процес за малолетниците во воспитно-поправните домови, кој, според НП, воопшто не постои! „Дел од установите, преку Управата за извршување на санкциите, образовно-едукативниот процес го обезбедуваат во соработка со Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), Министерството за образование и наука и локалните училишта, а во дел од установите се организираат обуки и курсеви за стекнување занаети во различни струки и области (на пр. дрво-преработувачка дејност, заварувачи, готвачи, пекари, градинари, бербери и сл.), за што посетителите на обуките се стекнуваат со соодветни дипломи. Сепак, Народниот правобранител смета дека ваквиот начин на обезбедување образование за лицата не е доволен, особено поради тоа што е од времен карактер и без континуитет, поради што упатува препорака до надлежните установи за надминување на состојбата“.

Во мај 2022 г., во организација на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола се одржа и меѓународна конференција посветена на ресоцијализацијата на осудените лица и нивната судбина по излегување од казнено-поправните установи, при што и од првиот човек на Управата за спроведување санкции при Министерството за правда беше наведено дека ресоцијализацијата во земјава е голем проблем, дополнително усложнет со тоа што осудените лица по издржување на казната се соочуваат со проблем да најдат работа[16].

Во врска со почитувањето на основните права на затворените и осудените лица, како и на лицата упатени во воспитно-поправните установи, во редовниот годишен извештај за почитување на човековите права за 2021 г., што го издава американскиот Стејт департмент[17] тонот е сличен на критичкиот тон на Годишниот извештај на НП. Овој критички тоналитет е различен од американскиот извештај за 2020 г., каде што преовладуваше пооптимистичка генерална слика за овој проблем. Во последниот извештај на САД се цитираат и наодите на Комитетот за заштита од тортура на СЕ, кој во 2021 г. во јули го објави извештајот од вонредната посета остварена неколку месеци пред тоа. Притоа, може да се најдат цитати дека затворениците се држат во многу мал простор (како пример се посочува отвореното одделение во КПУ Идризово, каде што 91 затвореник се сместени по 16 затвореници во просторија од 32 квадратни метри) или лицата осудени на подолготрајно издржување казна затвор 23 часа поминуваат во лоши ќелии (влажни и незагреани), а само 35-40 минути дневно им е овозможена прошетка во затворските дворови, односно немаат никакви други активности.

И во американскиот извештај се нагласува дека Управата за спроведување санкции при Министерството за правда надлежна за затворите нема доволно буџетски средства, дека постојат слабости во администрацијата и слично. Но, загрижувачка е и бројката од пет починати лица во затворите во 2021 година (иако во 2020 година имало осум починати од природна смрт), при што само во еден случај станува збор за самоубиство, а во другите четири случаи станува збор за подолготрајна лоша здравствена состојба без адекватна здравствена нега за лицата (види во извештајот од референца 9).

УПРАВАТА ЗА САНКЦИИ СО БУЏЕТ ОД НАД 19,5 МИЛИОНИ ЕВРА, НО И ТОЈ НЕ Е ДОВОЛЕН

Поаѓајќи од ваквата состојба, за потребите на овој извештај го проверивме буџетот на Управата за водење санкции при што може да се констататира дека тој бавно и по малку расте од година во година, но расте и бројот на вработените. Со Ребалансот на буџетот што е во Собрание, буџетот на ова тело е зголемен за само 6 милиони денари, па сега изнесува 1,046 милијарда денари, а вкупно со приходи од самофинансирачки дејности и со заем од 116 милиони денари изнесува вкупно 1,201 милијарда денари или околу 19,5 милиони евра. Ова е намалување на претходно проектираниот

16 - ТВ „Сител“ – 11.5.2022 – Експертите предупредуваат - слабо функционира ресоцијализацијата на осудените лица – (достапно на https://sitel.com.mk/ekspertite-predupreduvaat-slabo-funkcionira-resocijalizacijata-na-osudenici)

17 - 2021 Country Reports on Human Rights Practices: North Macedonia – (достапно на https://www.state.gov/reports/2021-country-reports-on-human-rights-practices/north-macedonia/)

буџет за 2022 од 1,327 милијарди евра или за околу 21,5 милиони евра, поради намалувањето на расходите од заемот за повеќе од 100 милиони денари наменети токму за изградба и реконструкција на КПУ. Во аутпут индикаторите не само што нема наведено нови вработувања, туку се проценува дека ќе има и за 10 лица помалку за разлика од 2021 г., а бројот на затворениците би бил за околу 100 повеќе, односно 2.650.

Споредбата покажува дека во 2018 година со 771 вработен Управата имала буџет од околу 733,8 милиони денари, во 2019 со 974 вработени имале буџет од околу 752,3 милиони, во 2020 година со 1.010 вработени имале околу 917,5 милиони денари, во 2021 г. со 1.039 вработени веќе над 1 милијарда денари и со истиот број вработени за 2022 година буџетот со ребалансот е определен на 1,201 милијарда денари (околу 19,5 милиони евра), со тоа што расходите од основниот буџет се предвидени на нешто над милијарда, а 116 милиони денари или околу 1,9 милион евра се заем од Банката за развој при Советот на Европа. Овој заем, како што е појаснето во основниот буџет за 2022 година, предвидува реконструкција на КПУ преку „проект за унапредување на процесот на извршување на санкциите преку остварување и унапредување на човековите права во однос на условите за сместување, хигиената, здравствената заштита и слободните активности на осудените и притворените лица“.

Ваквиот проект треба да продолжи и во 2023 и 2024 година, за што во основниот буџет и во ребалансот се правени проекции за 2023 и за 2024 година од 369, односно 430 милиони денари, односно околу 6 и 7 милиони евра за следните две години. Дополнително, за воспитно-поправните домови каде што се сместени малолетниците за годинава се предвидени 16 милиони денари, а за 2023 и 2024 г., по над 66 милиони денари, што претставуа инвестиции за капитални расходи од нешто под 3 милиони евра за три години. Разликата е во тоа што овие средства и развојната проекција на буџетот за ВПД се од сопствени средства.

Овие основни показатели укажуваат дека државата, сепак, е свесна за проблемите со основните права на лицата во притворите и затворите во С. Македонија, околу 2.500 лица во мај 2022 г., како и за критиките упатени во домашните и меѓународните извештаи. Но, состојбите се лоши со децении, па затоа без уште поголеми средства од основниот буџет тешко се исправаат, а очигледно е дека ќе биде потребна и законска измена со која ќе се овозможат многу поголеми бенефициии и за вработување нов медицински персонал во ваквите установи. Но, не само за нив, туку и за вработените во затворската полиција, кои во јуни излегоа на протест пред КПУ Идризово со тврдење дека се заборавени од државата и оти тоа може да донесе големи проблеми во иднина. Проблемот излезе на виделина откако од страна на МВР беше извршен претрес во повеќе ќелии во Идризово при што беа пронајдени: дрога, мобилни телефони и ножеви, по што дојде до палење на автомобилот на шефот на затворската полиција паркиран во кругот на затворот[18]. Грижата за вработените треба да биде многу потемелна, бидејќи постојано во разни извештаи и медиумски прилози има и обвинувања за корупција на дел од затворската полиција, поради што состојбата во затворите се усложнува. Впрочем, еве што се наведува за овој случај во реакцијата на Хелсиншкиот комитет и на Здружението на млади правници што беше издадено при крајот на јуни: „Како организации што континуирано и непосредно ја следат состојбата во затворските установи, а поттикнати од последната акција на МВР во затворот Идризово, укажуваме дека она што во медиумите беше прикажано како спектакуларна заплена на ножеви, дрога и мобилни телефони во затворот, всушност, е вообичаена состојба, која се провлекува децении наназад... Очекуваме истрагата да биде темелна и сеопфатна за конечно некој да понесе одговорност за сите овие пропусти во казнено-поправните установи, за кои сведочиме со години. Доколку и во овој случај се избегне директна одговорност, тешко дека може да ги очекуваме посакуваните позитивни промени во целокупниот пенитенцијарен систем... Состојбата во затворените институци секогаш е илустрација и за пошироката општествена состојба. Токму затоа државата мора да вложи напори и ресурси и да изнајде долгорочни решенија за овие системски проблеми. Повремени акции во затворите се очигледно неопходни, но тие нема да донесат никакво подобрување без соодветни санкции и без конкретни мерки поврзани со материјалните услови и со неопходниот стручен кадар“[19].

При промените и поголемата грижа на државата, пред сè, во финансиска смисла, секако, ќе треба да се следат Националната стратегија за развој на пенитенцијарниот систем во Република Северна

18 - ТВ „Алфа“/„Јутјуб“ – 15.6.2022 – Протест на затворските полицијаци...(достапно на https://www.youtube.com/watch?v=KFobgRFPuVU)

19 - ХКЧП – 18.6.2022 – Дали конечно некој ќе сноси одговорност....(достапно на https://mhc.org.mk/news/dali-konechno-nekoj-ke-snosi-odgovornost-za-propustite-vo-zatvorite/)

Македонија (2021-2025), како и Стратегијата за развој на пробациска служба во Република Северна Македонија со Акционен план (2021-2025), имплементација на Законот за Пробација и подзаконска регулатива и сите други документи, прописи и подзаконски акти. Иако последниот закон е донесен уште во 2015 година, а во Управата има и посебен сектор за пробација, резултатите се многу слаби, односно речиси и да не се применува, за што оправдувањата се политички неприфатливи за дел од стручната јавност[20].

ЛОШО РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ СО ЛИЦАТА БЕЗ ИДЕНТИТЕТ

Еден од посебните проблеми на помногубројна група граѓани е прашањето со стекнување идентитет пред државните органи, односно впишување во матичните книги и добивање основни документи од МВР, како што се лични карти и (или) патни исправи.

Заменикот на народниот правобранител Сузана Салиу, во гостување на ТВ „Телма“ на 9.3.2022 година, зборуваше дека Канцеларијата има многу проблеми, односно поплаки околу работењето на Управата за водење на матичните книги (УВМК). Таа појасни дека поплаките се и за електронското барање и доставување на документите и за документите поврзани со починатите лица, но и со државјанствата. Станува збор за повеќе стотици граѓани што чекаат на проверка за добивање државјанства, како и проблем со околу 900 граѓани што имаат два матични броја. Но, Годишниот извештај откри и друг податок. Дека околу 400 деца се без никакви документи.

„По спроведеното истражување во април, се констатира дека 60% од лицата без документи се неевидентирани деца на возраст под 18 години. Дополнително загрижува податокот дека Управата за водење на матичните книги нема информација за бројот на децата што се родени по завршувањето на јавниот повик, а кои не исполнуваат услови за запишување во Матичната книга на родените согласно закон (со оглед дека и оваа категорија е опфатена во Законот за неевидентирани лица во Матичната книга на родените). Според Народниот правобранител, ресорните министерства за правда и труд и социјална политика, во координација со Управата за водење на матичните книги, треба итно да изнајдат трајно, системско решение за овој повеќегодишен проблем со „правно невидливите“ деца, со оглед дека и Законот за неевидентирани лица не им го овозможи уживањето на правата, што е спротивно на Конвенцијата за правата на детето“, се наведува во Извештајот.

Според новинарското истражување на „360 степени“ (види референца 6), од евидентираните над 723 лица без идентитет од теренското мапирање пред стапувањето во сила на Законот за неевидентирани лица во Матична книга на родени од февруари 2020, до кајот на март 2022 година на три месеци пред истекувањето на законот, во Посебната книга за за родени биле впишани 318 лица, а 94 лица биле впишани по стариот закон.

КАПАЦИТЕТОТ НА АДМИНИСТРАЦИЈАТА - ПРЕЧКА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ ПАРИЧНА ПОМОШ

Друга област каде што бројот на претставките до НП се зголемил за околу 30 отсто е остварување на правото на минимална парична помош од државата, парична помош за грижа на друго лица и еднократна парична помош.

Најголем дел од претставките се однесува на паричните права од социјална заштита, и тоа правото на гарантирана минимална помош (37), правото на надоместок за помош и нега од друго лице (35), правото на еднократна парична помош (3), правото на надоместок за скратено работно време (2), правото на надоместок поради попреченост (3), траен надоместок (3). Додека дел од претставките (16) се однесува на правото на социјална сигурност за стари лица (социјална пензија), семејно насилство (5), социјални услуги (5) и во 23 случаи граѓаните побарале само правен совет.

Според Канцеларијата на НП, ова зголемување, меѓу другото, се должи на фактот што новиот Закон за социјална заштита од 2019 година, наместо да ги поедностави остварувањата на овие права, ги доусложнил:

20 - Зелена лупа – 2020 – Анализа на степенот на информираност за пробацијата...(достапно на https://fosm.mk/wp-content/uploads/2020/06/finalna-analiza-zelena-lupa.pdf)

„Како што веќе е потенцирано и во претходниот годишен извештај, новиот Закон за социјална заштита и сигурност донесен во 2019 година наместо да ги олесни постапките за остварување на правото на надоместок на помош и нега од друго лице, напротив, ги искомплицира и отежни овие постапки. Новото законско решение, според кој секој, без ограничување, може да поднесе барање, придонесе за зголемување на бројот на новите барања, заедно со барањата за обновување на правото на оние што претходно имале доделено право, со контролен преглед и на оние нерешени барања од времето пред примена на измените од Законот за социјална заштита и пред формирањето на новите комисии. Ваквата состојба придонесе за помала можност да се изнајде соодветен термин за разгледување на секое одделно барање пред стручните комисии. Во такви услови, комисиите не можеа навремено и ефикасно да одговарат на барањата на граѓаните. Според изјавите на Министерството за здравство, бројот на доставените барања го надминал капацитетот на работа на комисиите. Како последица на ваквата состојба многу граѓани неоправдано го изгубија правото на надоместок на помош и нега од друго лице“(цитат од Годишниот извештај за 2021 г.).

НП констатирал и дека на „голем број граѓани неоправдано им беше укинато правото на гарантирана минимална помош, со образложение дека остариле неоправдано примени средства од други извори, како: игри на среќа, брз трансфер на пари, награди за првенец на генерација и др., кои беа симболични и не можеле да влијаат за подобрување на нивниот социјален статус“.

„Како најфлагрантен го евидентира случајот на една средношколка од Скопје, првенец на генерација (најдобар ученик), на чие семејство му беше укинато правото на гарантирана минимална помош, поради добивање средства како награда за првенец на генерација“, потенцирано е во Извештајот на НП за 2021 г. Сепак, оваа приказна завршила успешно по неколкукратни интервенции на НП.

Во извештајот на НП за 2021 година, освен екстензивното опишување на овие повреди на основните права, се укажува и на многу други области каде што се регистрирани претставки, а се поврзани и со органите на прогон, при што се нагласува дека МВР не секогаш соработува со НП, особено не Одделот за внатрешена контрола за примена на професионалните стандарди. Еден од замениците на НП, гостувајќи во ТВ-дебата, пак, кажа дека е многу интересно тоа што кога НП ќе поднесе кривична пријава за непрофесионално постапување на припадници на МВР до Јавното обвинителство, тој орган воопшто не реагира, додека кога самото МВР ќе поднесе кривична пријава за свој припадник, ЈО веднаш ја прифаќа и постапува по неа[21].

ЗАШТИТА НА ДЕТСКИТЕ ПРАВА – НАЈМНОГУ СТРАДААТ ДЕЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Во однос на остварувањето на основните права на децата согласно законските и меѓународно-правните документи, како што се Конвенцијата за правата на децата и Конвенцијата за правата на лицата со попреченост, може да се констатира дека во РСМ најголем проблем, всушност, се правата на децата што имаат некаква форма на физичка или интелектуална попреченост.

Иако е направен напредок во таа насока во 2021/2022 година, бидејќи прв пат преку Министерството за труд и социјална политика се обезбедени финансиски средства за 500 образовни асистенти и за извесен број лични асистиенти, се покажува дека потребите се многу поголеми од тоа што го обезбедува државата.

Имено, според податоците што ги собрала Канцеларијата на Народниот правобранител во последниот квартал од минатата година, состојбата е следна:

Преку поплаките добиени од родители на децата, а во врска со неостварено право на образовен/личен асистент, Народниот правобранител се стекна со сознание дека недостасуваат образовни и лични асистенти за учениците со попреченост што учат во општинските основни училишта. Следствено, заради согледување на моменталната состојба и предизвиците во остварување на ова право, Народниот правобранител со барање податоци се обрати до сите државни основни училишта со ресурсен центар преку кои се доделуваат образовните асистенти, како и до Министерството за труд и социјална политика во врска со обезбедувањето лични асистенти за да се добие бројот на побарани, наспроти обезбедени и необезбедени асистенти. Констатацијата што произлегува од одговорите на основните училишта со ресурсен центар е дека заклучно со октомври 2021 година се

21 „Вин-вин“ – 14.4.2022 – Искажување на Јован Андоновски, заменик на НП – (достапно на https://www.youtube.com/watch?v=OB8oBPwMD-M&t=221s)

распределени вкупно 414 образовни асистенти, а за уште вкупно 266 барања не е даден позитивен одговор. Согласно податоците од Министерството за труд и социјална политика, вкупниот број на поднесени барања за лични асистенти е 26, од кои се обезбедени вкупно девет лични асистенти, одбиени се пет барања како неосновани, а за 12 барања постапката не е завршена поради немање слободни сертифицирани лични асистенти.

Наспроти оваа бројка, да повториме, од МТСП неколку пати ја повторуваат бројката од 500 образовни асистенти, но дури и да е постигната, потребите на терен се многу поголеми. Тоа се потврди и со официјалниот одговор што го доби редакцијата на „Порталб" во истражувањето на оваа тема објавено во јуни годинава на медиумските проекти на „Метаморфозис":

„Од Министерството додаваат дека Владата од оваа година обезбедила средства и ангажирала 500 асистенти во наставата, за кои се обезбедени 216 милиони денари, а кои ги поддржуваат наставниците во работата со ученици со попреченост, додека Министерството за труд и социјална политика направи законски измени со кои старосната граница за користење на услугата за лична асистенција се намалува од 18 години на 6 години. Во моментов се вработени 150 персонални асистенти, кои обезбедуваат поддршка за 217 деца/лица со попреченост и 126 лица ангажирани во грижата и услугата домашна нега за вкупно 301 лице"[22].

Вреди да се истакне дека во Ребалансот на буџетот за 2022 г. внесен во Собранието во мај, во програмата за детска заштита има зголемување на буџетот на Министерството за труд и социјална политика - од 157 на 183 милиони денари и тоа во најголем дел за изградба на објекти за детска заштита (градинки), но има зголемување и во програмата за деинституционализација и социјални услуги - од 242 на 345 милиони денари, кои најчесто се наменети за деца во мали групни семејни домови, наместо во поранешните големи државни центри за таа намена.

ДРУГИ ПРОБЛЕМИ НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Еден од главните проблеми е тоа што државата не може да води дологорочна политика ако не ги знае прецизно потребите за каде да ги алоцира средствата. Државата сè уште нема регистар на лицата со попреченост, иако веќе е направен извесен пробив со пописот од 2021 година,

Комисијата за заштита од дискриминацијата уште на 3.12.2021, на Меѓународниот ден за лицата со попреченост, излезе во јавноста со четири структурни препораки до извршната власт и сите институции задолжени за спроведување на правата на овие лица. Една од поважните препораки, освен еднаквиот пристап до здравствени услуги и вакцини во време на пандемија, е конечно да се изработи национален регистар за овие лица, со цел во иднина да можат и на централно и на локално ниво да се носат поуспешни и спроведливи политики во заштитата и остварувањето на правата на овие лица[23]. Според проценки на експерти што се инволвирани во оваа проблематика, а што беа консултирани за овој извештај, во РСМ има над 200 илјади лица со некаков вид попреченост, а таа бројка со членовите на нивните семејства е многу поголема, затоа што експертите наведуваат оти треба да се гледа вкупната бројка на луѓе што се соочуваат со проблемот – лицата со попреченост, но и нивните семејства.

Овој проблем има шанси делумно да се надмине со спроведувањето на минатогодишниот Попис на населението и домаќинствата, бидејќи е направено пребројување, но уште пред да започне попишувањето, од Државниот завод за статистика (ДЗС) рекоа или се оградија дека тоа е одредена генерална база, која може да послужи за натамошни попродлабочени истражувања[24].

Конечно, на почетокот на јуни годинава, ДЗС излезе со овој сет податоци од пописот, при што произлезе дека попишувачите преброиле околу 94 илјади лица со разни попречености. Подетално за сознанијата добиени од пописот може да се види во анализата што ја напрви „Вистиномер" во јуни годинава, каде што се потецира и улогата на локалната самоуправа во отстранување на

22 - „Порталб"/„Вистиномер" – 7.6.2022 – Социјалните реформи не се доволни за децата и лицата со посебни потреби – (достапно на https://vistinomer.mk/socijalnite-reformi-nedovolni-za-decata-i-licata-so-posebni-potrebi/)

23 - „Цивил медија" – 3.12.2021 – Изјава на Весна Бендевска – (достапно на https://www.youtube.com/watch?v=B8oxeb-u-9c)

24 - ДЗС/Попис 2021 – 8.27.2021 – Пописот ќе овозможи....за лицата со попречености" – (достапно на https://bit.ly/3OW1uZQ)

дискриминацијата со која се соочуваат овие лица[25]. „Сега, со објавувањето на податоците од пописот, точно се знае во која општина во државата колку лица со попреченост има и во зависност од тоа би можеле да се направат идните планови во однос на тоа дали и каде се потребни повеќе центри и поголем пристап до услуги за оваа категорија лица. Останува на градоначалниците колку ќе ги искористат овие податоци за да ги подобрат услугите за лицата со попреченост во своите општини“ – се наведува во анализата на „Вистиномер“.

Изработка на Регистар за во 2022 година најави и министерката за труд и социјална политика на една средба во април 2022 со претставници Националните инвалидски организации, но освен тоа, таа генерално наброја што предвидуваат политиките на државата, т.е. преку МТСП, за оваа година:

- Новите права и услуги за 2022 година, коишто се договорени со другите министерства и фондови, се: ослободување од партиципација за лицата со попреченост над 26 години во вкупна висина од 16.000.000 милиони денари, покачување на правото за посебен додаток од 15% за сите три категории на корисници, потпишување на договорот за лицата што користат Кохлеарни импланти за набавка на говорниот процесор, измена на правилникот за утврдувањето список со поправки на ортопедските помагала за покривање на трошоците за сервис и поправка на говорниот процесор, намалување на времето за доделување ортопедски помагала – чевли од 9 на 6 месеци, промена на критериумите за користење на личната асистенција, односно дополнување со комбинирана попреченост каде што доминантна е телесната, проверка на усогласувањето на висината на правата со трошоците за живот, измена и дополнување на Одлуката за цената на социјалните услуги за 2022 година, каде што се предвидува цена за час индивидуален и цена за дневен третман за дете/лице со попреченост од стручен работник во лиценцираните дневни центри за деца со попреченост, односно 858 денари за индивидуален третман и 1.053 денари дневно за корисник, платени преку Центрите за социјална работа, воведување Регистар за лицата со попреченост[26].

Регистарот е навистина потребен, зашто постои дискрепанца од бројката од околу 200 илјади лица што ја истакнува дел од експертите во фокус-групата и податоците од пописот, од кои произлезе дека има околу 94 илјади лица, со напомена, уште еднаш, дека самиот ДЗС се огради, наведувајќи дека тие бројки не можат да бидат замена за регистарот.

Сепак, најголемата промена на позитивно веројатно ќе се случи откако ќе биде изготвена Националната стратегија за правата на лицата со попреченост која беше најавена на самиот крај на јуни годинава, на работилница организирана од страна на Владата на РСМ и Германското друштво за меѓународна соработка ГИЗ. На овој настан и премиерот Димитар Ковачевски и министерката за труд и социјална политика Јованка Тренчевска говореа за сите постигнувања во позитивна насока направени досега, но и на „модернизација на политиката кои го овозможуваат вработувањето на лицата со попреченост“[27]

ЦЕНТРИТЕ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ЕДЕН ОД ПРОБЛЕМИТЕ ЗА СОЦИЈАЛНИТЕ ПРАВА

Проблем во примената на Законот за социјална заштита и сигурност, но и на сите други законски права што треба да се спроведуваат преку МТСП, дефинитивно се и центрите за социјална заштита, кои уште од времето кога министерка беше Мила Царовска требаше да претрпат трансформација и измена, а тоа е влезено и во основниот закон во 2019 година.

Овој заклучок за сè уште незавршен процес на реформи на самите центри може да се констатира и од Коалицијата „Маргини“, која во февруари 2022 г. го презентира мониторинг-извештајот за

25 - „Вистиномер“ – 8.6.2022 – Пописот откри ...(достапно на https://vistinomer.mk/popisot-otkri-kolku-lugje-so-poprechenost-zhiveat-vo-opshtinite-na-red-se-gradonachalnicite-da-im-obezbedat-uslovi/)
26 - МТСП – 4.22.2022 – Соопштение на МТСП – (достапно на https://www.mtsp.gov.mk/pocetna-ns_article-trencevska-zaednicki-kreirame-i-implementirame-politiki-koi-kje-go-unapredat-kvalitetot-na-zivot-na-.nspx)
27 - МЕТА.мк – Тренчевска: Инклузијата и почитувањето...(достапно на https://meta.mk/trenchevska-inkluzijata-i-pochituvanjeto-na-pravata-na-licata-so-poprechenost-e-eden-od-nashite-kluchni-prioriteti/)

периодот 2019 – 2021 година за начинот на примената на Законот за социјална заштита во делот на социјалните услуги.

Текстот, како што беше кажано на презентацијата, дава оценка за функционалноста на постојните услуги за социјална заштита, со осврт на спроведувањето на постојниот Закон за социјална заштита и функционалноста на центрите за социјална работа и другите даватели на социјални услуги. Текстот се фокусира на три целни групи - Роми, жени жртви на насилство и лица со попреченост, кои токму поради специфичната положба во општеството, секојдневно се соочуваат со дискриминација и неможност да се интегрираат во општеството и голем дел се зависни од социјални трансфери. Утврдени се слабостите на центрите за социјална заштита, почнувајќи од инфраструктурни до кадровски и дадени се низа препораки за подобрување на нивната работа, вклучувајќи и територијален прераспоред на одредени центри или вклучување, односно проширување на приватната и граѓанската иницијатива за давање одредени видови социјални услуги и поголемо вклучување на локалната самоуправа во давањето услуги преку Центрите за социјална заштита[28].

Во заклучоците од ова истражување за периодот од 2019 - 2021 година, прецизно се наведува и следното:

„Законот за социјална заштита има доволна ширина на услугите и дава законска основа за воспоставување различни видови услуги, но од одговорите добиени од испитаниците што користеле или имаат потреба да користат некоја од услугите произлегува дека не постои доволна информираност за видовите достапни услуги. Центрите за социјална работа, како јавни установи за социјална заштита со јавни овластувања за вршење на работите од социјалната заштита, постапуваат согласно Законот и своите надлежности. Вообичаено, опслужуваат повеќе од две општини и најчесто се сместени во поголемите општини. Во помалите и рурални општини нема истурени единици на центрите за социјална работа. Поради тоа, граѓаните од руралните средини се принудени да патуваат до најблискиот центар за социјална работа, што претставува финансиска и географска пречка за пристап до правата и услугите од социјална заштита. Центрите за социјална работа не располагаат со доволен број стручен и технички персонал, како и со соодветна техничка опрема, канцеларии, теренски возила, компјутерска опрема, со кои ќе овозможат соодветни услови за работа со сите категории граѓани. Центрите немаат обезбедено соодветен простор за чекање. Честопати во една иста просторија се примаат и се работи со по двајца корисници, со што не е обезбедена дискреција на клиентите“[29].

Ваквиот заклучок делумно се потврдува и при нашето истражување за почитување на правата што произлегуваат од политиките на родовата застапеност и обврските за заштита што произлегуваат од Истанбулската конвенција.

РОДОВАТА ЗАСТАПЕНОСТ, НАСИЛСТВОТО ВРЗ ЖЕНАТА И СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО СѢ УШТЕ СЕ ПРЕДИЗВИК!

Иако РСМ одамна ја потпиша и во 2017 ја ратификуваше, а од 2018 г. и ја применува во практиката т.н. Истанбулска конвенција на Советот на Европа, а од пред тоа постојат и стратегии и закони за елиминирање на родовата нееднаквост, дискриминацијата поради родовата припадност, поради пол, проблемите со насилството врз жената, како и семејно базираното насилство, сѐ уште се гледаат во секојдневната практика. На пример, иако жените се еднакво или повисоко образовани од мажите, учеството на жените на раководни позиции и во бизнисот и во јавниот сектор е драстично помало, исто како што е значително помала и застапеноста на жените во политиката. Последните локални избори одржани во 2021 година покажаа дека за 81 градоначалничко место беа кандидрани само четири жени, што укажува дека во политичкото дејствување на партиите жените тешко се пробиваат, а тоа се гледа и во актуелниот состав на Владата на РСМ, каде што учеството на жените е само 20 отсто. И тој процент се должи само на задолжителните квоти при кандидирање пратеници, инаку би бил минимален, исто како што е во локалната самоуправа. Ваквата разлика се отсликува и

28 - Мрежа за заштита од дискриминација – Извештај од Мониторингот....- (достапно на http://coalition.org.mk/wp-content/uploads/2022/02/ZSZ_GolemDokument_WEB_v002.pdf)
29 - Исто – стр. 79

во високото образование, каде што нема ниту една жена ректор, а мал е бројот и на жените декани. Овие и многу други податоци беа објавени и од „Порталб“, „Вистиномер“ и „Мета“ во истражување што ја потврдува големата родова разлика и ги оправдува критиките за ова прашање што можат да се најдат во последните извештаи на ЕК[30].

Во насока на спроведување на Истанбулската конвенција, РСМ од 2013 година има стратегии за родова еднаквост, а најновата Стратегија 2021-2026 е во Собранието од август 2021 година, долго време во фаза на второ читање, иако министерката за труд и социјална политика уште во декември 2021 г. ја претстави пред матичната комисија во Собранието[31]. Постои и Акциски план 2018-2023, а пробив во позитивна насока е направен лани, кога прв пат е донесен Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, по што беа донесени и неколку подзаконски акти од страна на МТСП, но и од страна на другите министерства задолжени за спроведување, како што се МВР и Министерството за одбрана.

Во веќе споменатиот извештај на МТСП до групата експерти на Советот на Европа GREVIO, упатен во април (види референца 7), се набројани и сите активности спроведени во имплементација на овој и други закони, соработката со невладиниот сектор и слично. На пример, се бројат законот, усогласување на други закони, правилниците, бројот на обуките што ги спровеле врз своите вработени за елиминирање и справување со насилството врз жената, политиките преземени во други институции на извршната и законодавната власт, родово базираното насилство (РБН), семејното насилство итн.

Несомнено, според експертско мислење од фокус-групата, во однос на стратешки и законски документи е направен пробив, но како и по обичај, проблем е имплементацијата. А еден од најголемите проблеми во имплементацијата се финансиите, сметаат експертите, наведувајќи, на пример, дека Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство и други сродни закони се „скапи закони“, односно потребна е и посериозна финансиска поддршка во имплементацијата. Еден од проблемите е спроведување на законските обврски за третманот на таквите жртви, преку мрежата на постојните центри за социјална заштита, шелтер-центрите, но и психолошката помош и на жртвите и психосоцијален третман на сторителите, со цел да не се гледаат како повратници.

Проблемот произлегува од сè уште не докрај спроведената реформа на центрите за социјална работа што беше предвидена со Законот за социјална заштита од 2019 година (истиот проблем го споменува и Народниот правобранител во својот годишен извештај, зборувајќи за остварување на правото на финансиска помош, но и од анализа изготвена за потребите на Коалицијата „Маргини“ – види референци 27 и 28), обуката или недостиг од кадри, со еден збор капацитетите што ги има системот за остварување на правата од социјалната заштита. Од фокус-групата како пример беше посочено дека не се исполнуваат стандардите според Советот на Европа за постапување со жртвите и сторителите на насилство (во иста просторија од исти службеници-н.з.), дека недостасуваат советувалишта, зашто на целата територија постојат десет советувалишта за жените жртви од семејно насилство, а осум за психосоцијален третман на сторителите.

Државата декларира дека МТСП има и „13 центри за жени жртви (и нивните деца) на семејно насилство, од кои осум (8) се организациона единица на месонадлежниот центар за социјална работа, два (2) се финансирани од Министерството, а менаџирани од здруженија, и еден (1) е финансиран од локалната самоуправа, а менаџиран од здружение“[32]. Но, проблемот со ваквата декларираност во извештајот до групата експерти на Советот на Европа, според експертското мислење што ние го користевме, е тоа што, според законот, државата треба да има доволно центри за семејно насилство, а такви се три од декларираните, центри за сексуално насилство нема ниту еден и шелтер-центри за кои не се знае колку се. Она што се знае, на пример, е дека во Полошкиот регион, како што беше истакнато на една неодамнешна трибина организирана за овој проблем, не постои ниту една од овие форми на центри. Нема ниту СОС-линија која ќе може да функционира 24 часа на ден. Има само Центар за упатување на жртви на сексуално насилство, кој е во состав на

30 - „Порталб“/„Вистиномер“ – март 2022 – Родовиот јаз во РСМ: мажите доминираат на пазарот на труд…- (достапно на https://vistinomer.mk/rodoviot-jaz-vo-rsm-mazhite-dominiraat-na-pazarot-na-trudot-i-so-povisoki-plati-brisel-ostanuva-kritichen/)

31 - МТСП – 24.12.2021 – Соопштение од МТСП – (достапно на https://mtsp.gov.mk/pocetna-ns_article-shahpaska-so-strategijata-za-rodova-ednakvost-2021-2026-kje-ovozmozime-ednakva-vidlivost-na-zenite-i.nspx)

32 - МТСП – 5.4.2022 – Извештај на Северна Македонија до GREVIO на СЕ –стр.24 - (достапно на https://bit.ly/3McA9kl)

Општата болница во Тетово и во овој момент бројките се минимални во однос на тоа колку жени и девојки се жртви[33]. Освен тоа, на истиот настан, надлежната министерка кажа дека проблем е и системското следење (што е обврска од законот): „Она што не постои во државата, а е неопходно, тоа е систем на податоци и следење на секој случај од пријавата до неговата завршница, за да видиме каде затајува системот и да можеме да реагираме, но и да имаме податоци што понатаму ќе послужат за креирање нови мерки и политики со цел успешно справување со родово базираното насилство, вклучително и семејното насилство, истакна министерката за труд и социјална политика“. А системот, според експертско мислење во фокус-групата, токму во насока на ова што го кажува министерката, не прави и евалуација на обуките што ги спроведува за да види дали има резултат, односно подобрување на третманот на жртвите.

„Верувам во владините бројки дека стотици и стотици службеници на МВР, на пример, имале обука како да постапуваат со вакви лица и да ги следат протоколите, но праксата нам ни покажува дека има и добри и лоши примери, во зависност од конкретен полициски службеник“, вели експертот што беше консултиран за овој извештај.

Бидејќи и невладините организации се вклучени во борбата за превенција, спречување и справување со насилството врз жената, родово базираното насилство, децата жртви на насилство итн., а имаат и законско право да бидат даватели на специјализирани услуги, државата годишно издвојува околу 65 илјади евра, што може да се оцени како малку.

Парите, и не само парите, се проблем и за обесштетување на дете жртва на насилство, согласно Законот за права на децата. Според веќе посочениот извештај на МТСП до Советот на Европа, Министерството за правда одвојува буџет за оваа намена, а тој за 2020 и 2021 година изнесувал нешто над 16 илјади евра. Проблемот, како што ни посочија од фокус-групата, не се само малкуте пари, туку и сложената постапка според законот за дете да добие пари од отштета. Притоа беше споменат еден случај кога за добиена отштета од 400 илјади денари, постапката била започната во 2014 година, а завршила лани во 2021 година. Од самиот фонд на МП откако е воспоставен досега биле обесштетени уште седум деца.

Според Законот за заштита од насилство врз жената и семејното насилство, жртвите исто така имаат право на обесштетување, а постапката за остварување на ова право е регулирана во Законот за кривична постапка и Законот за правда на децата единствено за надоместот на штета на деца жртви на кривично дело со елементи на насилство. Во собраниска постапка е Предлог-законот за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство со кој делумно се обезбедува компензација на жртвите на родово-базирано насилство и семејно насилството. Постојната постапка за надомест на штета е долга и комплицирана и најпрво се води во кривична постапка, а доколку не биде досудена во кривична постапка, жртвата треба да води граѓанска постапка за утврдување на видот и висината на штетата. Дополнително се отежнува постапката за извршување на доделениот надомест, особено кога не може да се наплати од сторителот на кривичното дело.

Вистински пробив во оваа насока се очекува со законот за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство, кој сè уште е заглавен во Собранието, иако е доставен уште во август минатата година. Со овој предлог-закон ако биде донесен, процедурите се поедноставуваат за исплата на надоместокот, па она што се очекува е само зголемување на фондот за таа намена, доколку сторителот нема да може да исплати обесштетување, што е најчесто случај.

Како заглавени во меѓупростор, т.е. во Собранието, може уште да се посочат и измените и дополнувањето на Кривичниот закон со кои беа вметнати кривични дела како што е „демнењето“. Но, иако и овие измени се изготвени и доставени во август 2021 г., тие не се усвоени, иако формално никој нема забелешки на нив, но „се жртва на пазарање меѓу партиите во комисиите во Собранието“(толкување на експерт-н.з.) и, најверојатно, ќе доживеат судбина да се чека новиот Кривичен законик, кој е најавен од Министерството за правда за во декември 2022 година.

33 - СДК.мк – 24.5.2022 – Семејното насилство во пораст...(достапно на https://bit.ly/3NqKSZ8)

ЛГБТ-ЗАЕДНИЦАТА СѢ УШТЕ СО МНОГУ ПРЕДИЗВИЦИ И ЗАКАНИ

Хомофобијата и трансфобијата се сѐ уште присутни во голем обем во РСМ. Иако некои работи генерално се поправени, на пример, нема веќе групни напади врз припадници на ЛГБТ-заедницата, ниту врз центрите или други форми на заштита што ги нуди невладиниот сектор, како што беше случај до пред неколку години, говорот на омраза, насилството од омраза и дискриминацијата по повеќе основи се забележуваат доста често. Ова е основната констатација од експертот за овие прашања, кој во рамките на фокус-групата помогна во составувањето на овој извештај.

Говор на омраза и стигматизирачки дискриминациски говор поврзан со ЛГБТ-заедницата најмногу се регистрирани на социјалните мрежи, но и во медиумите, а невладиниот сектор потврдува дека го регистрира и од страна на избрани или именувани политичари. Според експертот, сето ова може да се потврди не само од статистиките што ги води невладиниот сектор, туку и од веќе решените или документирани случаи што ги работи Комисијата за спречување и заштита од дискриминација. Последен таков случај на насилство од омраза, за кои експертот смета дека е поттикнат од говор на омраза, дури и од несоодветен говор на политичари од политичи партии или пратеници во Собрание кога расправаа за материјата, е претепувањето на ЛГБТ-активист и претседател на локална ЛГБТ-организација од Тетово, во мај 2022 година[34].

Освен на споменатите социјални мрежи и медиуми, говорот на омраза или вознемирувачки говор со кој се извршува дискриминација врз сексуалните и родови малцинства и загрозени групи е регистриран и во образованието, како во основното, така и во средното, при што последен потврден пример е од декември 2022 година, кога на барање на невладиниот сектор, КСЗД утврдила продолжена дискриминација во учебник по социологија[35]. Обидот за системско средување на проблемот во образованието, да се отстрани ваквиот говор од учебниците, пропаднал по повлекувањето на соодветен закон за учебници и дидактички помагала од страна на Министерството за образование, кој иако бил влезен во собраниска процедура, бил вратен на доработка. Повлекувањето следувало по гласноста што ја добија неформални и формални здруженија на граѓани, кои се противеа, всушност, на воведувањето неформално сексуално образование кај децата во 9 одделние, па така и ревизијата на постојните учебници пропаднала. Експертот вели дека сега тој проблем е оставен на поединично пријавување на такви учебници доколку бидат детектирани, а неколку такви случаи веќе биле реализирани. Но тоа не е системско решение.

„ЗАКОНОТ Е ДОБАР – ТРАНСФОБИЈАТА ГО СТАВА ВО ФИОКА“

Поднасловот е наслов на соопштение издадено во март годинава од Коалицијата „Маргини“ во врска со судбината на предлог-измените на Законот за матична евиденција, со кој требаше системски да се реши проблемот што го имаат трансродовите лица во однос на официјалните документи што треба да ги добиваат од регистрите на Управата за водење матична евиденција.

Имено, предлогот за измени и дополнувања на Законот за матична евиденција[36], кој во Собранието беше доставен уште во април 2021 година, а чија основна тема на измени беа правата за почитување на определување на половиот и родовиот идентитет што им припаѓаат на трансродовите лица, во март 2022 г. беше повлечен од собраниска процедура кога, означен со европско знаменце, стигна на прво читање во матична комисија.

Со измените и дополнувањата требаше да се направат промени на тој начин што и лицата што не го промениле физички полот, ќе може родово да се изјаснуваат поинаку, односно како мажи, жени или трансродови лица. Предлогот за изменување на овој закон беше по барање на повеќе невладини организации што се занимаваат со заштита на родовите и основните права на човекот.

34 - ХКПЧ – 9.5.2022 – Итно да се пронајдат напаѓачите на Асани... – (достапно на https://bit.ly/3tgrcPs)
35 - Коалиција „Маргини“ – 28.12.2022 – Утврдена вознемирувачка содржина во учебник по социологија за трета година – (достапно на http://coalition.org.mk/archives/12023)
36 - Собрание на РСМ – Предлог за измени и дополнувања на Законот за матична евиденција – март 2022 година – (достапно на https://www.sobranie.mk//materialdetails.nspx?materialId=09424067-36fb-4b7c-9853-d4c35ba5a28f)

Самиот предлог беше добро образложен и од страна на предлагачот, при што беа наведени сите причини зошто се бара измена на овој закон, почнувајќи од меѓународните конвенции што ги има потпишано РСМ до пресудите на Судот за заштита на човековите права во Стразбур, конкретно и против РСМ во 2019 година.

Законот само што неколку дена беше ставен на дневен ред во Комисијата за законодавство на прво читање, беше повлечен од страна на Владата на РСМ и, според достапните изјави, требало да се доработи, да се отвори поширока јавна расправа, па да оди во редовна собраниска процедура. Причината за ова е силното противење на политичките партии што се во Собранието. Сите партии од опозицијата се противат на неговото донесување во ваква форма. Иако се мислеше дека тој ја има поддршката од владејачката СДСМ и повеќето помали партии во владејачката коалиција, на крај излезе дека дури ни во владејачката коалиција нема поддршка (исклучок е само една пратеничка), а албанскиот партнер во коалицијата ДУИ, иако молчеше до последен ден, се покажа дека, исто така, се противи на вакви измени во законот. Оправдувањата се најразлични. Владејачките партии остануваат на оправдувањето дека законот требало да се донесе поради грижа за буџетот што би страдал од загубени пресуди пред Судот во Стразбур и поради имплементација на тие пресуди во домашното законодавство, но дека ќе требало редовна процедура и поширока расправа. Речиси сите опозициски партии, пак, излегоа со конзервативни, трансфобични ставови, во смисла дека ваквиот закон го уривал традиционалното разбирање за семејството и бракот и дека со промената на законот ќе се отворел и патот за промена на Законото за семејство, каде што бракот е дефиниран како законска заедница помеѓу маж и жена, т.е. различни полови.

Невладините организации изразија силна осуда на ваквото повлекување од процес врз кој се работело подолго време и осуда за однесувањето на сите, но и на пратениците од интерпартиската група која декларативно стоеше зад оваа идеја, а при самото гласање сите пратеници се повлекоа или молчеа, со ислучок на пратеничката Маја Морачанин која останала доследна. На 21 април до Владата било упатено и писмо од пратеници од Европскиот парламент, кои апелираат и бараат од Владата „да се признае правно признавање на родот на транс и небинараните лица во Законот за матична евиденција“. Нема никаква реакција на ова писмо до заклучување на овој извештај, а последното сознание е дека Министерството за правда има иницијатива за формирање работна група за изготвување целосно нов закон за матична евиденција, во рамките на кој ќе се решело ова прашање. Сепак, самиот факт што во таа работна група не се вклучени од Коалицијата „Маргини“, остава сомнеж кај експертот од фокус-групата дека проблемот ќе се реши на задоволувачко ниво, а уште помалку – навремено.

Освен ова, трансродовите лица имаат и низа други проблеми. Лицата што сакаат да извршат промена на својот пол, на пример, тоа не можат да го направат во РСМ, затоа што ниту една клиника не го прави тоа. Но и процедурите за оние што не сакаат целосна промена на полот не се влезени во системот на јавното здравство и се одвиваат од случај до случај, со познанства, пријателства или урегенции. На пример, во основниот пакет на здраствена заштита не е влезена ниту хормоналната терапија што треба да ја добие некое лице во транзиција, ако во системот од матичен лекар до специјалист, сепак, добие таква терапија. Во 2019 година во Министерството за здравство била формирана работна група за да се реши системски овој проблем, но поради ковид-пандемијата групата престанала со својата работа без резултат. Незадоволството е големо, со оглед на тоа што во Србија, на пример, која е слично општество како Македонија, промената на полот се извршува на сметка на државата - 2/3 од сумата, а целата постапка е строго регулирана со законот за здравствена заштита, од матичен лекар до последната инстанца – клиниката каде што се извршуваат таков вид операции. Експерт од фокус-групата укажува дека со оглед на фактот што многу хирурзи од РСМ се остручени за ваква постапка бидејќи престојувале на студиски посети во странство, треба само малку добра волја од власта, зашто стручно знаење има, а со самиот факт што бројот на ваквите лица и не е многу голем, барем не јавно, таквата законска промена и не би била некој особен товар за здравствениот буџет.

ИНКЛУЗИЈАТА НА РОМИТЕ Е ВГРАДЕНА СИСТЕМСКИ, НО РЕЗУЛТАТИТЕ СЕ НЕДОВОЛНИ

Политиката на државата во однос на инклузијата и унапредувањето на човековите права, како и спречување и заштита од дискриминацијата врз Ромите, е усогласена со генералната политика на Европската Унија, а потенцирана во рамките на Берлинскиот процес за земјите од Западен Балкан, што во 2019 година резултира со Декларацијата од Познан[37].

Северна Македонија има основен документ по кој се води во инклузијата на Ромите во општеството – Стратегија за инклузија на Ромите 2022-2030 година, која е усвоена во февруари годинава и која е наследник на две претходни национални стратегии за инклузија 2005-2015 и 2016-2020 година. Постојат прашања во стручната јавност дали овој стратешки документ е добро подготвен, но и дали е направена експертска анализа и евалуација на претходната стратегија и на акциските планови со кои се спроведува за да се утврдат евентуалните слабости. Ова дотолку повеќе што стратегијата беше ставена на националниот портал за прописи ЕНЕР на самиот крај од декември 2021, а веќе беше усвоена во февруари 2022 година, иако во самата Стратегија се наведува дека во првиот дел од 2021 година биле спроведени опсежни консултативни подготовки особено со невладините организации што се занимаваат со положбата на Ромите во општеството.

Според Стратегијата, инклузијата ќе ја координираат и спроведуваат националната контакт-точка за Роми и националниот координатор за имплементација на Стратегијата, т.е. Советник на премиерот за инклузијата на Ромите, Министерството за труд и социјална политика, Национално координтивно тело кое вклучува различни ресорни министерства, Народен правобранител и Комисија за спречување и заштита од дискриминација, интерпартиска парламентарна група формирана на почетокот на 2021 година и други.

Самата стратегија во воведниот дел ги констатира основните параметри по кои се оценува инклузијата, при што се забележува дека се констатирани полоши бројки околу вработувањето, односно невработеноста на Ромите поради ковид-пандемијата. Во однос на домувањето се констатира дека капиталните трансфери за оваа намена преку Министерството за транспорт и врски (МТВ) придонеле за подобрување, но дека општините не презеле ништо, односно дека не ги користат државните средства за урбанизација на ромските населби. „Во областа на здравството, лошата социо-економска состојба дополнително ја влошува здравствената состојба. Буџетот во рамките на Министерството за здравство и понатаму останува неискористен, додека бројот на ромските здравствени медијатори се намали, а тие не сè систематизирани во здравствениот систем“, се констатира во најновата стратегија.

Најголемо поместување напред е сторено во поглед на образованието. Се наведува дека е зголемен опфатот на деца во основното и средното образование, дека 94 отсто од запишаните деца во основно го завршуваат образованието, дека се обезбедени околу 850 стипендии за деца во средното образование и околу 100 стипендии за високо образование итн. Бројките за оваа година, според консултациите што ги имавме при подготовката за овој извештај, се уште поголеми. За деца во средното образование за 2021/2022 година државата обезбедила 940 стипендии во висина од 2.200-2.800 денари во зависност од категоризација и 140 стипендии за студенти во висина од по 5.000 денари за студиска година.

Но, ова како да нема ефект врз мерките за вработување на Ромите. Според податоци изнесени во Стратегијата се гледа дека процентот од 5,9 отсто невработени Роми од вкупниот број на невработени во 2020 година се зголемил на 9,2 отсто или вкупно над 14,4 илјади невработене Роми. Образованието и вработувањето ги истакнуваме затоа што според структурата на невработените Роми, над 95 отсто се без основно или со основно образование, 7,7 отсто со непотполно средно или со средно и само 0,3 отсто невработени се со високо образование. Појаснувањето од експерт од фокус-групата беше дека овие лоши бројки делумно се резултат и на дискриминација при вработување, што се појаснува малку подолу во овој извештај.

Во однос на здравствената заштита, нашите соговорници истакнаа дека има индиции, но не и докази, освен укажувања на невладини организации, дека Ромите уживаат понизок степен на квалитет

37 - Декларација на партнерите од Западен Балкан за интеграција на Ромите во рамките на процесот на проширување на ЕУ – 2019 – (достапно на https://www.rcc.int/romaintegration2020/files/admin/docs/866ab25893dd6d9271ebccbfd195349e.pdf)

на здравствена заштита од повеќе причини, од кои може да се издвојат неевидентирано ромско население без лични документи, без здравствено осигурување поради тоа што се невработени или неформално вработени, но има индиции и за сегрегација, поради етничко потекло, боја на кожа или најчесто негрижа поради социјално потекло. Затоа, пак, постојат истражувања од меѓународни организации, кои се наведени и во Стратегијата, дека Ромите имаат понизок век на живеење за 10-20 години отколку другите, дека стапката на смртност кај новороденчињата е за 25 отсто поголема, а поголема е и зачестеноста од хронични заболувања. Индикативно е и тоа што се наведува дека од обезбедените над 3 милиони денари за здравствена заштита како подршка на Стратегијата за инклузија, се искористуваат само половина, односно околу 1,5 милион денари.

ДИСКРИМИНАЦИЈАТА ВРЗ РОМИТЕ Е ПОТВРДЕН ФАКТ – СЕГРЕГАЦИЈА Е ПРИСУТНА

Што се однесува до дискриминацијата со која се сочуваат Ромите во Северна Македонија, таа не е нова појава, регистрирана е и во претходни периоди (погледни Извештај на Институт за човекови права од 2013 г.), а, за жал, регистрирана е и потврдена и во 2021 и во првите месеци од 2022 година, и од невладиниот сектор и од НП и од КСЗД. Таа се однесува на прашања од инфраструктурата и пристап до вода, но и од областа на домувањето, каде што има индиции за постоење таква дискриминација, до утврдена дискриминација во полето на образованието на степен на сегрегација. Станува збор за прецизно утврдена индиректна дискриминација, која води до сегрегација и овој случај е објавен од страна на КСЗД[38]. Ако се погледне образложението на Мислењето што Комисијата за спречување и заштита од дискриминација го утврдила во февруари годинава, ќе се види дека за случајот со претставката што била поднесена до нив не е виновно посоченото училиште за основно образование од Штип, туку дека главната вина што доведува до формирање етнички чисти паралелки Комисијата ја гледа во Законот за основно образование, во членот 63, став 4, де факто, членот, кој е наречен Реонизација на училиштата и кој им овозможува и на родителите и на училиштето да ги запишат своите деца или да запишат други деца надвор од реонот каде што е сместено училиштето[39]. Комисијата донела и Општа препорака во која, меѓу другото, му се препорачува на Министерството за образование и наука да пропише построги критериуми за промена на училиште во друг реон надвор од реонот на живеење на децата, со што би помогнале во процесот на десегрегацијата на децата Роми. За овој случај говори и Канцеларијата на НП во Годишниот извештај за 2021, при што го издвојува како „тенеденција за сегрегација на ученици поради непочитување на одлуката за реонизација“, која за сторените повреди упатила и Укажување до локалната самоуправа (повеќе детали на стр.85 од Годишниот извештај на НП за 2021 г).

КСЗД во текот на 2021 и 2022 година утврдила уште неколку случаи на дискриминација врз основа на национална припадност и раса, односно боја на кожа - два случаја на дискриминација од страна на вработени во Јавното сообраќајно претпријатие Скопје, при што едниот случај е потежок облик на интерсекциска дискриминација, случаи на ускратување на добра и услуги за Роми, како што се пристап до два кафе-бара, едниот во Берово, другиот во Прилеп итн. Во 2022 година КСЗД веќе утврдила дискриминација на Роми по однос на право на снабдување со чиста вода во Кичево и Кавадарци, а таков случај имало и во Струмица.

- Дискриминација што поприма облик на сегрегација има и во други области, како што е правото на слобода на движењето, кога имаме регистрирано случаи и потврдени преку експеримент – тест, изведен со намерно организиран превоз со автобус при преминувањето на државната граница. И тој тест и други пријави што сме ги регистрирале покажале дека се случува полициските службеници детално да проверуваат и да ги издвојуваат од автобусите Ромите, со оправдување дека постоела злоупотреба на безвизниот договор со земјите членки на ЕУ. Но, примерите се од македонско-српската граница, која може да се мине и со лична карта - ни изјави експерт од фокус-групата што беше консултиран за прашањата поврзани со Ромите.

Според истиот експерт, дискриминација постои и при вработувањето, дури и во јавниот сектор и државната администрација, а причините се повеќеслојни:

38 - КСЗД – 3.3.2022 – Мислење на КСЗД – (достапно на https://kszd.mk/wp-content/uploads/2022/02/0801-306-od-08.10.2021-se-utvrduva-indirektna-diskriminacija.pdf)
39 - МОН - Закон за основно обрзование – стр. 26, член 63 – (достапно на https://mon.gov.mk/stored/document/Zakon%20za%20osnovnoto%20obrazovanie%20-%20nov.pdf)

- Една од причините е т.н. балансер, кој ретко покажува дека има потреба во некоја институција од вработување Ром/Роми. Проблемот е во методологијата за правичната застапеност (подзаконски акт), која досега вадеше погрешени податоци од пописот во 2002 година, а ние предлагаме тоа да биде од вкупниот број вработени, односно да се земаат тие параметри, а не вкупниот број Роми. Но имаме и случај, регистриран и од Народниот правобранител, кој ни покажа дека дури и кога „балансерот“ ќе покаже оти е потребно вработување на Ром/Ромка, по партиски клуч се вработува друго лице – од друга заедница. Примерот е од подрачната УЈП во Прилеп - вели експертот.

Втора причина, според истиот извор, е што не се точни базите на податоци, вклучително и резултатите од последниот попис на населението од 2021 година.

- Пописот не ја отсликува реалната бројка на податоци затоа што имаше, прво, голем број непопишани Роми, второ, и кај тие што се попишуваа имаше манипулации преку два начина – влијание на попишувачите кои во некои средини воопшто не прашуваа за етничка припадност на попишаните и влијание на Турција и на турската заедница во РСМ, дали преку попишувачи, дали преку организации за соработка и развој, кои активно лобираа и вршеа влијание во делови од ромската заедница да се изјаснуваат како Турци. Вакви влијанија врз ромската заедница имаше и од локалната албанска заедница или од припадници на политичките партии на Албанците во некои од градовите во Западна Македонија, но од помал обем, за разлика од проблемите што ги регистриравме во дел од централна и источна Македонија.

Оваа грешка не може да се исправи дури и со вкрстената споредба на податоци од другите регистри и дата-бази што ги водат други институции, како на пример таа што ја има Агенцијата за посредување при вработување – АВРСМ. И таму се случуваат многу „грешки“ од шалтерските вработени, па лица Роми, активни или пасивни баратели на работа, се запишуваат дека се од друга етничка припадност, во случајов Албанци. Неодамна е направена тест-проверка, при што на случајно избран примерок од 200 Роми во базата на податоци на АВРСМ, околу 30 отсто биле запишани како не-Роми - вели експертот што беше консултиран за овој извештај.

Од погоре наведените примери може да се констатира дека дискриминацијата по основа на етничка припадност и боја на кожа, т.е. дискриминацијата врз Ромите, е сè уште горлив константен проблем во Северна Македонија и во текот на годината се регистрираат повеќе случаи во Комисија за спречување и заштита од дискриминација и кај Народниот правобранител, како и десетици случаи од страна на невладините организации што се занимаваат со заштита на правата на Ромите. Според фактичката состојба (годишни извештаи и статистика), се чини дека КСЗД многу повеќе ги користи инструментите што ѝ се дадени со Законот за спречување и заштита од дискриминација, па поведува и прекршочни постапки со потежок квалификаторен облик како што е интерсекциска дискриминација, додека Народниот правобранител извршува повеќе медијациска улога и дејствува преку укажувања, ургенции и препораки.

Во стратегијата се употребува и речникот што се употребува во Советот на Европа и во ЕК, а тоа е антициганизамот, како своевидна комплексна форма на расизам што се регистрира од не-Роми врз Ромите, по повеќе основи. Една од стратешките цели е намалување на антициганизмот преку серија мерки, а една од нив е вградување на антициганизмот како крвично дело во Кривичниот законик, за што има спротивставени мислења помеѓу нашите соговорници.

ИНКЛУЗИЈАТА СТРАДА ОД КУСОК НА ФИНАСИИ – МНОГУ ЖЕЛБИ, МАЛКУ ПАРИ

Сите пари од буџетот издвоени за инклузијата на Ромите се програмски определни и изнесуваат околу еден милион евра! Иако советникот за инклузија на Ромите во Кабинетот на премиерот Димитар Ковачевски на прес-конференција во април изјави дека Владата утврдила дополнителни средства за оваа година, па вкупно тие изнесуваат 73 милиони денари, нашиот преглед на ребалансот на буџетот доставен до Собранието на крајот на мај покажа дека вкупните средства за оваа намена (заведени како Поддршка на инклузијата на Ромите и спроведување на Стратегијата за инклузија 2022-2030), се околу 62,553 милиони денари или 1 еден милион и 15 илјади евра според средниот курс на Народна банка.

Овие средства се наменети за потпрограми што ги спроведуваат главно Министерството за транспорт и врски, Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование. Тие навистина се поголеми споредено со неколку години претходно, бидејќи тогаш изнесувале околу 35 милиони денари или половина од тоа што се издвојува денес, но впечатокот на експертите е дека се недоволни.

- Во државата инклузијата на Ромите не се разбира како политичко прашање, туку како социјално прашање и тоа е главната слабост, поради што има и релативно бавно остварување на инклузијата. Од тука, иако зборуваме дека има политичка волја и отвореност за решавање на сите проблеми со кои се соочуваат Ромите во РСМ, работите одат и бавно. Секако дека финансирањето на мерките што произлегуваат од Стратегијата за да се оствари инклузијата се, исто така, клучни и дека околу еден милион евра колку што, еве, се издвојуваат и за оваа година се недоволни, односно малку. Но, од друга страна, извршната власт постојано може да го употреби оправдувањето од типот, зошто би издвоиле повеќе ако и издвоените не се потрошат. Такви примери имавме досега, особено во Министерството за транспорт и врски (кое ги менаџира парите од програмата за инклузија во делот на инфраструктурата и домувањето) и во Министерството за здравство (кое ги менаџира парите во оваа област и кои главно одат за здравствените асистенти).

Експертот смета и дека тој концепт на образовни или здравствени асистенти е погрешен и оти многу покорисно би било доколку во институциите од областа на образованието или здравството би биле вработени повеќе Роми. На тој начин, според експертот, ќе се оствари поголема доверба на Ромите кон институциите, една од причините зошто има проблем со користењето на услугите од овие институции од страна на Ромите.

Најдобри резултати се постигнати во образованието и политиката се спроведува и натаму за да биде успешна инклузијата и да даде резултати. Според експертот, проблеми имало и во Министерството за транспорт и врски. Досега, според експертот, парите знаеле да се делат и во „четири очи“ на самиот крај на годината. Сега има многу посериозни критериуми за тоа како се објавува и спроведува јавниот тендер за користење на тие пари преку спроведување проекти, појаснува експертот. Таму, пак, главниот проблем во моментот е тоа што има општини што се или незаинтересирани за да ги исполнат техничките услови за добивање на парите (најчесто се жалат дека немаат капацитет во администрацијата на локалната самоуправа за да ги подготват документите) или, пак, тоа го користат како изговор и не се заинтересирани за решавање инфраструктурни проблеми на ромските гета. Иако имало и случаи на спротивставување на неромските заедници кога во одредени општини требаше да бидат лоцирани станбени единици (типски куќи или згради), наменети за решавање на проблемот со домувањето што го имаат Ромите, што, од страна на експертите, може да се означи и како расизам.

Како и да, е парите од еден милион евра на годишно ниво не се доволни, констатираат нашите соговорници, кои помогнаа во составувањето на овој извештај.

ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО КОНСТАНТЕН РАСТ – НЕКАЗНИВОСТА ГЛАВНА ПРИЧИНА

Проблемот со говорот на омраза во РСМ останува или поточно речено станува сè поголем проблем со кој општеството во целина засега не може да најде ефикасен одговор. Иако е забележан како проблем и почнува да се следи од пред повеќе од десет години, иако се преземени повеќе активни мерки и повеќе иницијативи, најпрво од невладиниот сектор, а потоа и од страна на државата, која го вгради како кривично дело во неколку членови од кривичното законодавство, иако и органите на прогонот, обвинителството и судската власт веќе имаат обуки и вложуваат извесни напори да се справат со говорот на омраза – резултатите изостануваат. Поточно, од разговорот со сите експерти што се занимаваат со ова прашање може да се оцени дека дури и се влошуваат.

Впечатокот дека има влошување, пред сè, произлегува од статистичките показатели. Бројот на случаи на говор на омраза расте од година во година, а драстично зголемување, за дури 160 отсто, е регистрирано од невладините организации на преминот од 2019 во 2020 година, на почетокот на пандемијата со ковид-19, и таа тенденција не запира, т.е. се регистрира и денес. Илустративен е податокот што го добивме од експертите на Хелсиншкиот комитет за човековите права дека од 2014 година до 1.6.2022 година регистрирале 3.046 случаи на говор на омраза. Регистрирањето на овие случаи може да се види на интернет-платформата за пријавување говор на омраза, која е воспоставна во 2014 година од страна на ХКЧП, со помош на американскиот NED, „Говор на омраза„ (govornaomraza.mk), која е активна речиси 10 години. ХКЧП од 2018 и систематски, и аналитички и практично се занимава со говорот на омраза и со начините за негово регистрирање, превенција, како и со зголемување на јавната свест за сериозноста на проблемот. Тие 3.046 случаи што се регистрирани од тогаш се чисти случаи на говор на омраза по 14 различни основи, кои ги препознава и законот, и вреди да се истакне дека се проверени и филтрирани од бројот на пријави, кој е многу поголем, т.е. нема сомневање дека станува збор за случаи на говор на омраза.

Како најчести основи за говор на омраза од оваа статистика се издвојуваат етничката припадност - со 1.477 случаи или 37 отсто, политичката припадност - со 922 случаи или 23 отсто, сексуалната или родовата припадност - со 901 случај или 23 отсто, пол и род - со 238 случаи или 6 отсто.

Говорот на омраза може да се сретне секаде, но најчести платфоорми за дисеминација се социјалните мрежи. Ако се рангираат од страна на експертите, најмалку го има на традиционалните медииуми, многу повеќе на онлајн-медиумите, но дефинитвно како платформи „сејачи" на говор на омраза се злоупотребуваат „Фејсбук", „Јутјуб" и, во последно време, „Тик-ток".

Статистиките, како оваа на специјализираната платформа, ги потврдуваат и други бази на податоци од невладиниот сектор или, пак, бројките што ги имаат и официјалните институции, вклучително и статистиката што ја води и Комисијата за спречување и заштита од дискриминација. Според статистичкото пребарување на страницата на КСЗД, само од 2021 до јануари 2022 година Комисијата има донесено 14 одлуки за сторена форма на дискриминација преку говор на омраза или вознемирувачки говор искажан преку средства за јавно информирање/медиуми, а најчесто преку социјалните мрежи „Фејсбук" и „Твитер". Ваквиот говор бил насочен кон лица што припаѓаат на маргинализирана група, а се однесуваат на сексуална ориентација, односно врз основа на пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет. Врз основа на национална или етничка припадност, потекло, попреченост, семејна или брачна состојба и друго има уште седум случаи каде што е утврден вознемирувачки говор или дискриминаторски говор, така што вкупно има преку 20 такви случаи за 2021 г., само преку средства за јавно информирање/медиуми, каде што спаѓаат и социјалните мрежи. Ако се земат предвид и другите начини за искажување говор на омраза, сосема е јасен соодносот кога ќе се споредат вкупните бројки на одлуки и мислења што ги донела Комисијата. Комисијата утврдила дека во овие 20 случаи како дискриминатори се јавуваат физички лица, едно здружение на граѓани, интернет-портали, како и лицата што се уредници и регистранти на интернет-порталите. Но бројката драматично расте во 2022 година, па така Комисијата во својот квартален извештај за јануари-март 2022 година изнесува податок дека дури 50 отсто од претставките каде што е утврдена дискриминација, односно 13 претставки, се однесуваат на дискриминација сторена преку средства за јавно информирање/медиуми, а најголемиот број од нив се однесуваат на сооцијалната мрежа „Фејсбук", преку која е утврдено вознемирување или повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација преку објавување дискриминаторска содржина. Освен на „Фејсбук", ваков говор и содржина се детектирани и преку „Јутјуб", „Твитер" и кај еден интернет-портал[40].

Доколку се земат случаите што ги регистрирале новинарските здруженија во последните година-две и други невладини организации (на пример, само „Метаморфозис" има регистрирано околу десет случаи на говор на омраза и поттикнување кривични дела од омраза кон своите вработени), сосема е јасна големината на проблемот со кој се соочува општеството.

Според експертите од ХКЧП, еден од најгорливите проблеми е тоа што нема системска казнивост на говорот на омраза. Тие, исто како што тоа го детектира и ЕК во своите извештаи, истакнуваат дека државата нема систем на казнување, иако невладиниот сектор помага при неговото детектирање, прибирање докази, комуникацијата меѓу Јавното обвинителство и Министерството за внатрешни работи, но, на крајот, судската пракса ги докажува поразителните бројки, бидејќи случаите за кои е поведена постапка за говор на омраза од страна ЈО во судовите се брои на прстите од една рака за години наназад. Бидејќи и од страна на новинарските здруженија, по нивните пријави за говор на омраза кон новинари од ЈО, па и од судовите често се добива оправдување дека нема обучени обвинители и судии што би се справувале со овој проблем, ХКЧП со помош на Академијата за судии и обвинители и со поддршка од ОБСЕ во 2021 година организирал обуки за обвинители и судии низ кои минале 60 учесници, а со припадниците на соодветниот Сектор за внатрешни работи за форензика и компјутерски криминал обуките се организирале малку посложено, т.е. низ подрачните единици во секој регионален сектор во државата.

НЕОПХОДНА Е ИЗМЕНИ НА ЗАКОНСКАТА РАМКА

Како еден од начините за поефикасно справување со феноменот на говорот на омраза, експертите препорачуваат дека треба системски да се размисли за измени на правната рамка за решавање на проблемот.

40 - КСЗД – април 2022 – Квартален извештај – стр. 12 – (достапно на https://bit.ly/3aArNoI)

Имено, тие се сложни дека и сегашниот Кривичен закон, кој во пет члена детектира и пропишува санкции за говор на омраза по разни основи, релативно добро ја покрива оваа проблематика, иако не исклучуваат дека можеби и тука може да се додадат нови членови со кои би се зајакнала покриеноста на различниот говор на омраза. Но, како проблем тие ги истакнуваат илјадниците примери на говор на омраза или граничен говор, кој освен дискриминација може да предизвика во континутет и кривични дела од омраза, а кои тешко се гонат кривично. На пример, коментари на „Фејсбук“ под постовите на носителот на профилот и слични примери на другите социјални мрежи. Во таа насока, експертите препорачуваат да се размислува и за засилување на прекршочната одговорност, т.е. да се интрвенира во Законот за прекршоци, а како една од мерките што може да помогне е и давање овластување на некои институции да имаат и прекршочна улога, т.е. да издаваат прекршочни казни. Како пример ја посочија Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, чии членови за потребите на овој извештај и самите истакнаа дека размислуваат во таа насока и ќе покренат иницијатива да имаат и такво овластување. Зашто, како што велат експертите, многу е важно поединецот, макар и со минимална парична казна, да почуствува дека говорот на омраза и дискриминацијата што ја прави на тој начин е недозволиво однесување.

Во спротивно, неказнивоста создава мултиплицираност и повратништво, т.е. ист сторител на говор на омраза, кој еднаш бил на некој начин санкциониран, да се врати и да го повторува делото. Таков пример изнесоа во врска со еден случај што поминал низ КСЗД. Комисијата донела мислење и побарала од сторителот да ја отстрани содржината од „Јутјуб“, тој го сторил тоа, но само времено, по што ја вратил спорната содржина во која е детектиран говор на омраза кон разни јавни лица од различни сфери во општеството.

Дополнително, експертите нагласуваат дека проблем што го мачи општеството, а кој е близок до говорот на омраза е сајбер-булингот. Тие истакнуваат дека во РСМ во законодавството таа материја не е ниту дефинирана, а камоли да се зборува за справување со неа.

ПОЛИТИЧАРИТЕ КАКО ПРЕДИЗВИКУВАЧИ НА ГОВОР НА ОМРАЗА

Во разговор со експертите за нивниот впечаток за политичката волја на главните чинители во политичкиот живот во државата за справување со говорот на омраза, тие истакнуваат дека не може да се детектира заинтересираност или силна политичка волја. Причината е едноставна. Избрани или именувани лица од политиката, самите политички партии преку својата комуникација со јавноста, често се регистрираат како поттикнувачи на говорот на омраза. Тоа го покажува и статистиката. Говорот на омраза поради политичка припадност е во првите четири категории на говор на омраза што се регистрира, поточно на второ место, а како поттикнувач се смета говорот на политичарите и партиите пред секои избори или значајни политички одлуки, како што се референдуми и други дебати во општеството.

Често тој говор е вешто скриен и не е чист говор на омраза, но дефинитивно е поттикнувачки говор, кој потоа продуцира говор на омраза во општеството. Она што е уште поважно, експертите што го следат проблемот укажуваат дека нема никаква реакција од самите политичари. Нема осуда или јавно изразување на несогласување со нечиј говор од матичните партии, а и генерално. А тие како носители на јавни функции би требало да бидат многу поодговорни, па и подложни на повисоки санкции за вакви непримерни комуникации во јавноста. Бидејќи проблемот делумно лежи и во имунитетот на избраните политичари, на пример, членовите на Собранието на РСМ, кај кои исто така се среќаваат бројни примери на говор близок до говорот на омраза или дискриминациски говор, пред сè, поради политичка или сексуална и родова припадност, експертите препорачуваат дека добар начин на справување би бил стриктна примена на етичките кодекси што ги имаат институциите, од извршната и законодавната власт, па и јавната администрација, а секако и воспоставување внатрешни етички правила во секоја политичка партија или движење што се занимава со политика.

И друг експерт од фокус-групата, кого го консултиравме во врска со реформите во медиумите, смета дека политичките елити не се заинтересирани за решавање на проблемот со говорот на омраза. Тој вели дека има впечаток оти политичките елити намерно го оставаат овој простор непокриен со казнивост како „слободен простор“, бидејќи и самите преку свои детални механизми на ботови го користат масовно кога ќе им затреба.

НЕКАЗНИВОСТА ВОДИ КОН КРИМИНАЛ ОД ОМРАЗА

Она што е најстрашно е што е детектирано дека најчести сторители, но и жртви на говорот на омраза се млади лица, т.е. до 26 години. Неказнивоста води до мултипликација на говорот на омраза, но и до кримиинал од омраза. Според статистиката што ја има ХКЧП, а и други организации, по говор на омраза се случува кривично дело од омраза. Хелсиншкиот комитет за човековите права од 2014 година системски го следи и феноменот на кривични дела од омраза преку својата специјализирана веб-страница Злосторства од омраза. Податоците за 2021 година сè уште се систематизираат и анализираат. Но, за тоа колкав проблем е кривичното дело од омраза поттикнато од говорот на омраза, секако зборуваат податоците од Годишниот извештај за 2020 година, во кој се наведува:

„Комитетот регистрира и објави 104 злосторства/инциденти од омраза за периодот од 1 јануари до 31 декември 2020 г. Забележителниот пад на регистрираните инциденти (104) во споредба со 2019 г. (159), најверојатно, е поврзан со исклучителните околности предизвикани од пандемијата и бројните полициски часови наметнати за време на вонредната состојба, за што подетално ќе зборуваме во прегледот на главните наоди“.

Погледот на интерактивната мапа на порталот покажува дека таа бројка е голема и за 2021 година, така што дефинитивно може да се оцени дека говорот на омраза, кој води до криминал од омраза е феномен со тренд на влошување и оти државата мора да преземе мерки за справување со проблемот.

РЕФОРМИ ВО ПРАВОСУДСТВОТО ВО ПЕРИОДОТ ОД 31.3 ДО 30.6.2022 Г.

Реформскиот процес во областа на правосудството во периодот за кој известуваме има малку елелменти што може да се наведат како позитивни или прогрес во областа.

Во однос на законодавството и стратешкиот пристап може да се констатира дека продолжува работата за целосно нов закон за кривична постапка и кривичен законик, за што сè уште работат работни групи под капа на Министерството за правда. Работите се одвиваат во работни групи, а финалните варијанти може да се очекуваат при крај на 2022 година, велат експертите што беа консултирани. Подготовките на нов закон за вештачење, од кој се очекува и зголемување на ефикасноста на судските постапи, се веќе завршени, но тој сè уште не е испратен на разгледување до Влада. Една од измените во овој закон предвидувала и укинување на досегашното Биро за судски вештачења и негова трансформација во Агенција за судски вештачења, но тоа зависи и од тековниот процес на реорганизацијата на органите на државната управа. Во однос на клучниот документ Стратегија за реформи во правосудството, како што истакнува и самиот Судски совет, неопходно е да се реафирмира работата на Советот за реформи во правосудството, кој треба да работи на новата стратегија, бидејќи постојната истекува во текот на 2022 година. Експертите не се запознати дали ова ќе оди со повторно активирање на Советот за реформи, но потврдуваат дека се испратени покани до разни стејкхолдери за вклучување во работа на новиот документ на Стратегијата 2023 - 2027 г.

Кога станува збор за судската власт, малку елементи во позитивна насока може да се констатираат во поглед на обезбедување на независноста, одговорноста на судиите, ефикасноста на судовите и обезбедување финансиска независност.

Од она што е ново и што се спроведува ефективно од оваа година, иако е донесено во минатата, може да се истакне примената на Методологијата со индикатори за утврдување на сложеноста на предметите, како и Правилник за начинот на формирање комисии за оценување на работата на судиите и претседателите на судовите. Двата акта на Судскиот совет се утврдени и донесени на крајот од септември минатата година, а се очекува во 2022 година особено да помогнат во двата процеса кои се клучни за оценување на ефикасноста на судовите и оценување на работата на самите судии и претседателите на судовите, од што зависи и унапредувањето или разрешувањето на судиите.

Кога станува збор за утврдување на работата на самите судии, се зголемува бројот на судии за кои се расправа по примени претставки и бројот на разрешување судии. Во текот на 2021 година биле разрешени седум судии, некои и по постапки поведени уште во 2018 година, додека оценување на одговорноста претстои за 49 судии во 25 поведени постапки за утврдување одговорност (Извор: Судски совет на РСМ).

Што се однесува до ефикасноста, може да се заклучи дека нема придвижување напред, бидејќи според оценката и на самиот Судски совет во Годишниот извештај до Собранието на РСМ поднесен во март и кој сè уште не е разгледан од пратениците, се наведува дека како ажурни судови во 2021 биле оценети 15, а 19 суда биле оценети како неажурни, иако гледајќи го вкупниот број примени и решени предмети во периодот од цела 2021 година, произлегува дека е намален заостатокот за над 2.256 предмети. Но, за да биде сликата комплетна, треба да се има предвид дека тој заостаток од примени и решени предмети веќе со години се држи на нешто над 90 илјади предмети. Кога станува збор за ефикасноста, голема закана е тоа што продолжува трендот на намалување на бројот на судиите, мултиплициран со заканата дека со измените на Законот за работни односи,

повеќе десетици судии (59 судии и 13 обвинители) ќе мора да одат во пензија од 1.7.2022 година со наполнети 64 години. За да се надмине овој проблем, Владата на 22.6.2022 достави до Собранието итни Измени на ЗРО, со кои на судиите и обвинителите ќе им биде дозволено да го продолжат времено мандатот за уште три години додека не стаса новата генерација од Академијата за судии и обвинители. На крајот од јуни овие измени беа ставени на дневен ред пред собраниските тела, а расправата во една од собраниските комисии се одвиваше и со физички инцидент, откако пратениците од опозицијата се спротивставија на ваквото носење на законот и предложија помеѓу 200 и 300 амандамни, сè со цел измените на ЗРО да не поминат до крајниот рок, 30.6.2022 г. До заклучувањето на овој Извештај на последниот ден од јуни, измените на законот не беа усвоени од Собранието, со што може да заклучи дека проблемот со ефикасноста и во судството и во обвинителството навистина ќе се изостри во следните месеци.

ДРЖАВАТА СО ПОВЕЌЕ ПАРИ ЗА СУДСТВОТО И ОБВИНИТЕЛСТВОТО, „НА ЛАЖИЧКА“

Една од главните „болки“ во судството е обезбедување фактичка финансиска независност, наспроти декларираната, бидејќи судската власт е сè уште далеку од законски гарантираните 0.8 отсто од БДП остварен во претходната година и се движи со финасирање од околу 0.3 отсто, според декларираното од Судскиот совет во Годишниот извештај за 2021 година.

Имено, судската власт минатата година ја завршила со потрошени 2.07 милијарди денари или 33,6 милиони евра, при што доминантен, со околу 80 отсто, е расходот за плати и надоместоци од плати, додека ставката за материјално опремување со стоки и услуги учествувала со скромни 14 отсто од вкупната сума и минимални проценти за капитални расходи.

За 2022 година, пак, државата со ребалансот во Собрание проектира дека судската власт треба да има на располагање 2,36 милијарди денари или речиси 38 милиони евра, при што расходите од основниот буџет остануваат на 2,18 милијарди денари или 35,4 милиони евра, додека преостанатите средства се од самофинансирачки дејности и од донации.

Финасирањето останува болка и кај Јавното обвинителство (ЈО), бидејќи и таму не се запазува законската обврска за финансирање со 0,4 отсто од Буџетот за тековната година. Минатата година ЈО на РСМ имало на располагање буџет од над 574 милиони денари или околу 9,3 милиони евра. За годинава тој буџет беше предвиден да порасне на 662 милиони денари, а со ребалансот што е во Собрание е скратен за околу 20 милиони, па вкупната сума што ја предвидува државата е околу 642 милиони денари или околу 10,4 милиони евра, што е благо зголемување од еден милион евра споредено со 2021, но е сè уште далеку од бараните над 15 милиони евра од страна на ЈО.

ТРАНСПАРЕНТНОСТА МОЖЕ ДА РЕГРЕСИРА

Транспарентноста во правосудството, пред сè, во делот на комуникацијата со јавноста, која е еден од клучните фактори за перцепцијата кон работата на Јавното обвинителство и на судската власт, многу генерално кажано, е на степен повисоко споредено со години наназад. Притоа, перцепцијата за оваа транспарентност останува на исто ниво на оценка од претходните извештаи на „Метаморфозис“ за периодот од јули 2021 до јули 2022 година: Судската власт има постигнато малку повеќе во зголемувањето на таа транспарентност, додека системот на Јавното обвинителство останува, така речено, зачаурен и дури и оние мали придвижувања што ги има постигнато во отвореноста, често ги поништува со контроверзни одлуки. Во овој извештај одделуваме малку повеќе простор поради оценка на експерт од фокус-групата дека работите се застанати во некој момент од прогресот и може да одат и наназад.

- Имам чувство дека во однос на транспарентноста и кај судството и кај обвинителството се прават два чекора напред, три назад - вели експерт што го консултиравме за ова прашање.

Прецизно наброено, плусови сè уште може да добие Судскиот совет, врховното тело на судската власт, бидејќи останува констатацијата дека ажурно ги најавува седниците на Судскиот совет, овозможува присуство на јавноста и потоа редовно ги објавува заклучоците од седниците. Што се однесува до судовите, тоа зависи од суд до суд, вели експертот. Во најголем број судови, назначени судии се портпароли на судовите. И тука зависи од личност до личност, од разбирањето на тој судија-портпарол, како и од претседателот на судот за значењето на комуникациите со јавноста, но

тука има и плус дополнителна слабост, бидејќи тие судии-портпароли си имаат и редовна судиска работа и не секогаш имаат време и сенс да се посветат на некое актуелно прашање од јавноста.

Што се однесува до Јавното обвинителство, неговото врховно тело, Советот на јавни обвинители, останува со оценката затворено и недоволно транспарентно. Малото подобрување што е направено со потранспарентниот веб-сајт е минусирано со натамошната затвореност за јавноста на седниците поради наводно непостоење просторни услови и „непријатноста“ што ја чувствувале членовите на Советот во однос на присуство на камери на нивните седници. Исто така, од објавувањето детални записници од седниците по нивното одржување сега е отидено чекор назад, со тоа што се анонимизираат имињата на членовите што говореле и не е јасно кој од членовите какво мислење имал.

Истата оценка на полузатвореност останува и за системот на Јавното обвинителство. Има портпароли што ако им поставите прашање чекате, некогаш и ден-два бидејќи за одговорот мора да се консултираат со првите луѓе во Обвинителството, често тие одговори се технички, а не суштински и се создава впечаток дека на крајот сè зависи од личноста што е избрана за раководител на едно од обвинителствата или уште попрецизно, целата транспарентност во голем дел зависи од изборот на државниот јавен обвинител, оценува експертот од фокус-групата. Образложувајќи го своето мислење ја наведува оценката дека единствено е постигнат чекор напред во комуникацијаата со јавноста од страна на Обвинителството за организиран криминал и корупција и на Скопското јавно обвинителство.

Оваа лимбо-состојба во поглед на транспарентноста како да се пресликува и во Министерството за правда, кое веќе извесно време преку работна група ја подготвува Стратегијата за транспарентност во правосудството. Според сознанијата до кои е дојдено при изготвувањето на овој извештај, работата извесно време мирува, откако пред неколку месеци група новинари, претежно вклучени во работата на Судско-медиумскиот совет, поставиле барања за да влезат во стратегијата за измени во неколку клучни закони од правосудството каде што се нормира транспарентноста на судовите, пред сè на Судскиот деловник, кој е доста застарен. Проблемот што го издвојува експертот е достапноста до записниците од рочиштата во судовите кои им се неопходни за попрецизно известување на јавноста на новинарите. Иако не постои никаква законска пречка, на новинарите не им се даваат записниците, па тие мора да се снаоѓаат да ги добиваат по заобиколен пат, пред сè, од страна на одбраната.

Извесен застој како да се чувствува и во работата на Судско-медиумскиот совет, кој веќе четврта година се обидува да дојде до решенија што би помогнале во поголема транспарентност во правосудството. Ова тело составено од судии и новинари, според експертот, како да е заглавено помеѓу суштинските разлики од очекувањата на двете страни. Имено, судиите го доживуваат како некој вид етичко тело, што не е така, а и генерално, според експертот, тие се на став дека новинарите се виновни во голема мерка за тоа што перцепцијата на јавноста за довербата во судството е толку ниска.

- Има судии и обвинители што исклучително добро ги разбираат улогата на јавноста и значењето на транспарентноста за подобра и поточна перцепција на јавноста кон правосудството, вклучувајќи го и известувањето на медиумите. Но, можам да кажам дека тоа се, сепак, само одделни случаи. Поголемиот број судии и јавни обвинители сè уште не ја разбираат суштината на транспарентноста. Оттаму, сметам дека најпрво е потребно и во Академијата за судии и јавни обвинители, многу посериозно во образовниот процес да влезе оваа материја за транспарентноста, да имаат обуки, па дури и вежби за прес-конференции, однесување пред камера или микрофон и слично. Второ, мора да дојде до измена на клучни закони кои ќе ја прецизираат и гарантираат транспарентноста, но, на крајот, неизбежно ќе биде и да се почека генерациска смена и кај судиите и кај јавните обвинители, заклучува експертот.

РЕФОРМИ ВО МЕДИУМСКИОТ СЕКТОР ВО ПЕРИОДОТ ОД 31.3 ДО 30.6.2022 Г.

Ништо ново се нема случено во поглед на реформите во медиумскиот сектор во периодот што го оценуваме во однос на веќе забележаните констатации во нашите досегашни извештаи.

Единствена мала промена може да се забележи во тоа што Владата на РСМ реши да го направи поинклузивен процесот на доделување субвенции за печатените медиуми, па при крајот на јуни одржа консултативен состанок на кој учествуваа претставници на заинтересираните страни, но и претставници на новинарските еснафски здруженија и организации за тоа како да се подобри начинот на доделување и на контрола на средствата што се одвојуваат за печатените медиуми. По почетните 50 милиони денари во 2018 година, па падот од по околу 20 милиони денари во следните три години поради пандемијата и кризата, но и дополнителното субвенционирање за првата пандемиска година 2020, исплатени во 2021 година, за 2022 година со ребалансот на буџетот за оваа намена се предвидени само 10 милиони денари или околу 162 илјади евра.

НЕКАЗНИВОСТА ЗА НАПАДИТЕ ВРЗ НОВИНАРИТЕ ПРОДОЛЖУВА

Заканите и нападите врз новинарите остануваат да бидат проблем во државата. Здружението на новинари на Македонија во март годинава излезе со публикација-анализа „Напади врз новинарите или медиумски работници 2017-2021, трендови и препораки“, при што за посочениот период од пет години биле регистрирани 47 случаи на различни вербални или физички напади. Во анализата се констатирани неколку трендови, меѓу кои и дека во 2021 година се зголемува бројот на напади врз новинарки. Но, еден од поважните трендови и заклучоци на ЗНМ во анализата е проблемот со неказнивоста на тие напади:

„Четвртиот и условно речено најважен тренд што се провлекува во последните десет години е трендот на неказнивост на нападите врз новинарите. И покрај бројните домашни и меѓународни извештаи што укажуваат на овој проблем, и покрај бројните конференции што се користат за укажување на овој проблем, па и покрај бројните анализи и публикации на оваа тема, проблемот со неказнивоста продолжува да тлее и да биде посочуван како негативен пример во светски рамки“.

За самата анализа и особено за неказнивноста може повеќе да се прочита во текстот на „Вистиномер“- „Истражните органи молчат пред нападите врз медиумските работници, најчеста мета се новинарките“. Во тој контекст треба да се напомене дека за овој тренд на неказнивост или зголемување на нападите врз новинари придонесува и тоа што и по речиси една година во Собранието не е ни расправано за предложените измени на Кривичниот законик, во кој спред предлогот на Владата се ставени нови кривични дела со кои вербален или физички напад врз новинари и медиумски работници ќе се третираат еднакво како напад врз службени лица за кои се гони по автоматизам од страна на Јавното обвинителство.

Состојбите во реформите на медиумскиот сектор остануваат заглавени и во други битни сегменти. Првиот и најважниот е што и покрај два собраниски состава и покрај два распишани конкурси, Собранието останува глуво за примена на измените на Законот за аудио-визуелни медиумски услуги, со кои треба да се извршат нови избори за членовите на Агенцијата за медиуми (АВМУ) и нов Програмски совет на МРТ. Ваквата состојба, без сомневање од кој било експерт консултиран за овој извештај се толкува како недостиг на политичка волја за реформи, иако во многу ретките изјави на политичари од главните партии ќе се слушне по некое оправдување дека овие избори тешко се спроведуваат зашто се барало двотретинско мнозинство во Собранието.

ЈАВНИОТ СЕРВИС СѢ УШТЕ НАДВОР ОД ПРИОРИТЕТИТЕ НА ВЛАСТА

Ова, пак, доведува до друг проблем што тлее со години – нереформирана МТВ, односно нереформиран јавен сервис. Според експерт од фокус-групата ова го покажува трендот на политиката да ги остави работите какви што се, зашто, според него, останува конзервативното и вулгарното разбирање на политичарите дека со освојување на власта добиваат сѐ, па и јавниот сервис, кој тие го разбираат како државен сервис.

- Сите политички елити од 90-тите наваму не смогнаа храброст државниот сервис да го трансформираат во јавен, а тоа е од исклучително значење и за демократијата и за другите состојби во мултикултурно и мултиетничко општество какво што е РС Македонија - вели експертот. Во меѓувреме, има обиди таква програма да понудат некои комерцијални телевизии како што се ТВ 21 или ТВ „Алсат-М“, но тоа не е ниту нивна обврска, ниту нивна задача, тоа треба да го прави МТВ.

Зачувување на кревката демократија се прави со нова квалитативна програма, а таа не е можна без избор на нов Програмски совет – вели експерт од фокус-групата.

Таа индолентност на политичките елити кон трансформацијата на јавниот сервис се гледа и преку финансирањето. Тоа останува на минимум, иако законот предвидува(ше) веќе во 2021 година финансирањето да изнесува 75 отсто од 1 отсто од буџетот на државата во претходната година. Наместо тоа, иако буџетот достигна уште лани веќе околу 4 милијарди евра, финансирањето не е мрднато повеќе од 13-14 милиони евра, што според Годишниот извештај на МРТ за 2021 г., создава проблеми во работењето, дотолку повеќе што и месечните рати не биле исплатувани подеднакв во текот на целата година. МТВ се соочува со намалување на кадарот, со застарена техника и со забавен процес во дигитализацијата, иако потребите растат, бидејќи во 2020 година беа отворени нови програмски сервиси, а и програмата на албански јазик се емитува 24 часа во денот.

- За ваквото индолентно однесување и кон финансиите има уште една причина. Тоа се комерцијалните радиодифузери на национално ниво. Тие знаат дека со зголемени финасии може да се случи и зголемување на платите на новинарите и медиумските работници во МРТ, со што по две децении би биле сведоци на обратен процес – одлив на новинарски и медиумски кадар од приватните телевизии во јавниот сервис. Од тука, тие вршат континуиран дискретен притисок врз партиите на власт да не даваат повеќе пари во јавниот сервис - вели експертот со кој разговаравме.

Во медиумскиот сектор останува нерешен и проблемот со финансирањето на приватните медиуми преку јавни пари. Освен кај печатените медиуми, кои се субвенционираат со јавни пари, останува прилив на јавни пари до медиумите преку изборните процеси, при што на секои избори се одлеваат меѓу 3 и 5 милиони евра за следење на изборниот процес, што според Националната стратегиј за борба против корупцијата уште од 2020 година, е процес што носи висок ризик од корупција на медиумите од страна на политиката. Самите медиуми, пак, продолжуваат со притисокот да се отстрани забраната за рекламирање на работата на владата и на институциите во јавен сектор, нешто што се постигна по долгогодишно лобирање на новинарските здруженија во 2017 и 2018 година.

РЕФОРМИ ВО ЈАВНАТА АДМИНСТРАЦИЈА ВО ПЕРИОДОТ ОД 31.3 ДО 30.6.2022 Г.

Малку нешта се случиле во извештајниот период од 31.3 до 30.6.2022 во поглед на реформите на Јавната администрација, кои може да бидат забележани во ова надополнување со нови информации во однос на главниот извештај на „Метаморфозис“ што беше објавен во април годинава.

Во поглед на стратешката рамка, по подготовките започнати уште пред некој месец, Владата на РСМ на својата 54 седница на 22.6.2022 година ја усвои „Информацијата за подготовка на Стратегија за РЈА (2023-2030), со акцент на препораките содржани во мониторинг-извештајот на СИГМА за Република Северна Македонија од 2021 година.

Во краткото соопштение само се наведува дека „во рамките на континуираниот процес на реформи во јавната администрација и силните заложби во таа насока, целта е обезбедување модерна и ефикасна јавна администрација базирана на дигитализација, која обезбедува квалитетни и брзи услуги за граѓаните и деловните субјекти“.

Но, зборовите „континуиран процес на реформи... и силните заложби“ не се соодветни кога станува збор за законските реформи, односно измена на клучните закони по кои се води администрацијата. Станува збор за измените на Законот за административни службеници, измените на Законот за вработени во јавниот сектор и Нацрт-законот за висока раководна служба.

ЗАКОНИТЕ НИКАКО ДА ДОЈДАТ ВО СОБРАНИЕ

Со овие три законски решенија треба да се обезбедат процесите на деполитизација на администрацијата, особено во високата раководна служба, процесите на поефикасна администрација, но и начините како таа ефикасност подобро да се оценува и да се измери, како и подобрување на општите правила во системот на вработени во јавниот сектор. Иако сите три законски документи ги имаат поминато сите досегашни филтри, во смисла на подготовки, инклузивен консултативен процес, консултации преку владиниот портал за прописи ЕНЕР и слично, сè уште нема информација дека Владата ги разгледувала и ги подготвува да ги препрати до Собранието на разгледување и усвојување.

Нема нови информации и за степенот на имплементацијата на реорганизацијата на органите на државната управа, за што, исто така, во две-тригодишна подготовка се измени на соодветниот закон – ЗООДУ. Сè е останато на последниот заклучок на Влада што го соопшти Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА) на 30.3.2022 година, дека овој процес ќе се спроведува преку пилот-проекти во три министерства - МИОА, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за економија, кои со заклучок на Влада беа задолжени да почнат со подготовки за примена на новата организација како пилот-министерства, откако ќе биде донесен законот.

Бидејќи Министерството за односи меѓу заедниците, кое беше формирано со ад-хок решение во 2019 година со измени во тогашниот ЗОРОДУ, не спаѓа во споменатите три пилот-министерства, останува нејасно дали, на пример, во реорганизацијата на Агенцијата за млади и спорт, за која било предвидено да се укине и да стане сектор во Министерството за односи меѓу заедниците, е планиран потег во рамките на целата реорганизација или станува збор за некое одделно решение. За ваквите планови на 1јуни протестно и отворено писмо до Владата упати Националниот младински совет на Македонија, кој, спротивно, побара прераснување на Агенцијата за млади и спорт во посебно министерство.

Она што се покажа како точна констатација од главниот извештај на „Метаморфозис“ од април е слабоста на системот на оценка на админстрација согласно правилата во ЗАС, но и генерално оценка на ефикасноста на вработените во јавниот сектор. Имено, ова исплива на површина откако Сојузот на синдикати на Македонија влезе во преговори со Владата, а во втората половина на јуни и во протести и блокади, бидејќи Владата нема предвидено пари во буџетот за 2022 година за зголемување на платите на вработените во јавниот сектор, согласно и законската обврска за зголемување во рок од 6 месеци поради усогласување со Законот за минималната плата. Имено, во јавната комуникација и премиерот и други министри од Владата почнаа да споменуваат дека проблемот ќе се решел откако ќе се изработи нова методологија за платите во јавниот сектор, заедно со решение за мерење на ефикасноста на учинокот на вработените во администрацијата и во јавниот сектор и тоа да се регулира преку Законот за плати. Експерт од фокус-групата што го консултиравме во врска со ова изјави дека се сомнева во искреноста на изјавата од аспект на позадината.

- Вистинскиот мотив зад ваквата изјава е тоа што државата нема пари за вакво зголемување, а не за некакви нови методологии или модели на мерење на ефикасноста. Технички гледано, за платите и нивната висина и како ќе растат може да се реши или со измена на постојните закони што ја регулираат материјата, значи ЗАС и ЗВЈС, или со еден централен закон, а тоа е Законот за плати, но и во овој случај потоа ќе мора да се менуваат законите за администрација и јавен сектор со цел да се усогласат со новиот закон за плати. Инаку и досега преку постојното законско решение, на пример, во ЗАС, може да се мери ефикасноста на администрацијата, но како што е кажано и во извештајот на „Метаморфозис“ од април, тоа оценување се спроведува само формално.

ТРАНСПАРЕНТНОСТА ОСТАНУВА НАЈДОБАР СЕГМЕНТ ОД РЕФОРМИТЕ

Во однос на транспарентноста нема големи проблеми или промени. Таа останува во рамките на она што се вели нешто најдобро од севкупната реформа на јавната администрација со сите наведени слаби точки и потребата од континуирани потхранувања на процесот на транспарентност во сите органи на државната управа и на сите нивоа на власта, и централна, и локална, и законодавна и судска.

Најголемите постигнувања и натаму се во финансиската транспарентност, односно во поглед на

трошење на јавните пари, за што сè уште најзаслужно е решението преку централниот портал „Отворени финансии“. Голем напредок е остварен и преку отворање на податоците на посочениот портал, особено на локалната самоуправа, за што заслуга има и проект на „Метморфозис“, преку кој се обучуваа службеници од локалната самоуправа за оспособување и користење на порталот „Отворени податоци“.

Што се однесува до отвореноста и транспаретноста и според мерењето за 2022 година, таа останува висока, споредено со другите земји од регионот, а ист е соодносот на коефициентите во самат власт. Како што неофицијално се дознава, највисоко котира Владата, па Собранието, па министерствата, а одреден благ пад е забележан кај извршните тела и органи на управа.

ДИГИТАЛИЗАЦИЈАТА СО БРЗИНА НА ЖЕЛКА

Во однос на дигитализацијата и е-услугите нема големи промени. Процесот е жив, но оди напред со брзина што не би можела да се оцени како задоволителна. Останува впечатокот на експертите дека промените во оваа насока може да се одвиваат многу побрзо.

Тоа секако зависи и од организација и од пари. Имено, сè уште нема новини во поглед на формирањето на Дигиталната агенција, која би требало да ги преземе главните работи во поглед на дигитализацијата. Сега развојот на информатичкото општество го води МИОА, а на ниво на Влада го координира заменик-премиерката задолжена за политики на добро владеење Славица Грковска. Развојот на севкупната дигитализација, всушност, зависи и од доцнењето на Националната стратегија за ИКТ, која е заглавена на ЕНЕР од јули 2021 година иако консултациите се завршени, но сè уште не е на дневен ред на Влада.

Сè уште останува проблемот со финансирањето на активностите за дигитализацијата. Вклучувајќи ги и нејаснотиите колку вкупно пари се издвојуваат за тоа. Од она што може да се детектира од прегледот на буџетот, поточно од ребалансот поднесен до Собранието на крајот на мај, може да се види дека за информатичка поддршка на Владата се издвоени 8,3 милиони евра, за информатичко општество во рамките на МИОА севкупно 7,75 милиони евра (тука е зголемен буџетот за повеќе од милион евра), но во потпрограмата за развој и имплементација на ИКТ во рамките на МИОА, што е всушност сумата за дигитализација, интероперабилност, вмрежување на институциите меѓу себе, итн., сумата е 2,15 милиони евра.

Дополнително веќе се издвоени и употребени 1,8 милион евра за дигитално поврзување на 34 суда во земјата, а заедно со парите за дигитално опремување на пет суда, кое е завршено, сумата натфрла 2 милиона евра, вклучувајќи и неколку стотици илјади добиени од донации од странски партнери.

За моменаталната состојба во поглед на дигитализацијата и идните насоки на дејствување, на крајот на јуни „Метаморфозис“ организира онлајн-дебата во рамките на својот проект ИЦЕДА, при што беше претставен сеопфатен извештај посветен исклучиво на дигитализацијата, по што беа изнесени коментари и препораки.

Оваа публикација е подготвена од Фондацијата Метаморфозис во рамки на Проектот „ Промовирање на отчетноста и транспарентноста на јавните реформи “ со поддршка на од Националната фондација за демократија (NED). Мислењата изразени во оваа публикација не ги изразуваат ставовите на Националната фондација за демократија (NED).